РЕГУЛАТИВИ

РЕГУЛАТИВА (ЕУ) бр. 2018/1142 НА КОМИСИЈАТА

од 14 август 2018 година

со која се изменува и дополнува Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014 во врска со воведување на одредени категории на дозволи за одржување на воздухоплови, модификација на процедурите за прифаќање на составните делови од надворешните добавувачи и модификација на привилегиите на организациите за обука за одржување

(Текст со важност за ЕЕО)

ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА,

имајќи го предвид Договорот за функционирање на Европската унија,

имајќи ја предвид Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот од 20 февруари 2008 година, за заеднички правила во областа на цивилното воздухопловство и за основање наАгенција на Европската Унија за безбедност на воздухопловството , и за укинување на Директива 91/670/ЕЕЗ на Советот, Регулатива (ЕЗ) бр. 1592/2002 и Директива 2004/36/ЕЗ ([1]), а особено членовите 5(5) и 6(3) од истата,

со оглед на тоа што:

(1) Со Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014([2]) на Комисијата се воспоставуваат правила за имплементација на постојана пловидбеност на воздухопловите и воздухопловните производи, делови и уреди, и за одобрување на организациите и персонал кои се вклучени во овие задачи.

(2) Со цел да се обезбеди високо еднообразно ниво на безбедност на воздухопловството, постои потреба од воспоставување на систем на ниво на Унијата, за издавање на дозволи на персоналот кој издава уверенија кој е вклучен во одржувањето на авионите ELA 1 и за воздухопловите кои не се авиони и хеликоптери. Тој систем треба да биде едноставен и пропорционален. Поради тоа, неопходно е сега да се преземат потребни мерки, а се со цел воспоставување на таков систем.

(3) Постоечките услови кои се поврзани со дозвола за персоналот кој издава потврда, а е вклучен во одржувањето на воздухопловна електроника и електричните системи на воздухоплови кои не припаѓаат во групата на комплексни воздухоплови, не се пропорционални со поништата комплексност на тие воздухоплови, особено поради тоа што значителен дел од условите кои се однесуваат на основното знаење се релевантни само за комплексните воздухоплови. Затоа е потребно да се воведе нова дозвола за овој персонал. Условите за таа нова дозвола треба да бидат такви за да може да се гарантира

---

[1] Сл. весник L 79, 19 март 2008, стр. 1.

[2] Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 на Комисијата од 26 ноември 2014 година за постојана пловидбеност на воздухоплови и воздухопловни производи, делови и уреди, и за одобрување на организации и персонал вклучен во овие задачи (Сл. весник L 362, 17 декември 2014, стр. 1.)

дека нивото на безбедност не е намалено во споредба со она кое што е постигнато со постоечката дозвола. Воведувањето на оваа нова дозвола треба да резултира со намалување на потенцијалните безбедносни ризици кои можат да настанат како последица од недоволниот број на соодветно квалификуван и лиценциран персонал кој е достапен за предметните задачи на одржување.

(4) За време на спроведувањето на одржувањето, вообичаено е луѓето или организациите да користат составни делови, делови или материјали кои што ги обезбедуваат трети лица. Неопходно е да се намалат ризиците поврзани со процесот на прифаќање на таквите составни делови, делови или материјали и особено да се обезбеди дека вклучените лица и организации ги преземаат неопходните мерки за да обезбеди соодветна прифатливост, класификација и одвојување на составните делови.

(5) Агенцијата на Европската Унија за безбедност на воздухопловството (во понатамошниот текст "Агенцијата") доби значаен број на пријави за случаи на измама кои укажуваат на намерно кршење на стандардите за испити утврдени во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014. Тие случаи се однесуваат на испитите за основните знаења кои ги спроведуваат одобрените организации за обука од областа на одржувањето, на студенти кои не присуствувале на курсот за основна обука. Оваа ситуација покрена важни безбедносни прашања, особено со оглед на ризикот дека носителите на дозволи го немаат потребното основно познавање на пуштање во употреба на воздухопловот по одржувањето. Сега треба да се преземат мерки за решавање на овие безбедносни прашања.

(6) Во согласност со Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014, операторите на комплексни воздухоплови на моторен погон кои се вклучени во комерцијални или некомерцијални операции мора да обезбедат дека задачите поврзани со постојаната пловидбеност се вршат од страна на одобрена организација за управување со постојаната пловидбеност и дека одржувањето на воздухопловите и составните деловите за вградување во воздухопловот се врши од одобрена организација за одржување. Меѓутоа, во одредени случаи, како во некомерцијални операции на лесни авиони со два турбо-мотори, напорите да се постигне усогласеноста која се бара од тие оператори не е пропорционална со придобивките кои со спроведувањето на овие услови допринесуваат кон безбедноста на нивните операции. Како резултат на тоа, условите кои се применуваат кон таквите случаи треба соодветно да се прилагодат. Со оглед на овие непропорционални напори за постигнување на усогласеност, времето кое е потребно за да се прилагодат овие услови и нивното неприменување во таквите случаи, се додека не се прилагодат, е проценето дека не претставува значаен ризик врз безбедноста на воздухопловството, и затоа тие услови за сега треба да престанат да се применуваат и да се применуваат само од соодветен подоцнежен датум.

(7) Деталните правила за примена на Додаток VI од Анекс III од Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 беа избришани по грешка кога Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014 беше

изменета и дополнета со Регулатива (ЕУ) 2015/1536 ([3]). Оваа грешка треба да се коригира.

(8) Во Анексот Va од Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014 се идентификувани одредени редакциски грешки кои предизвикуваат потешкотии при имплементацијата. Овие грешки треба да се коригираат.

(9) Неопходно е да се обезбеди доволно време за сите инволвирани страни да се прилагодат на изменетата и дополнета регулаторна рамка утврдена како резултат на мерките предвидени со оваа регулатива. Затоа, овие мерки треба да почнат да се применуваат шест месеци од денот на нивното влегување во сила. Сепак, со оглед на нивната намена и отсуството на потребата за сите значителни напори за прилагодување од страна на засегнатите страни, одредени мерки треба да се применат веднаш без одлагање. Одредени други мерки бараат повеќе напор во смисла на прилагодување и затоа треба да се применат од соодветен подоцнежен датум, поради тоа што тие имаат потреба од транзиција од регулатива која е првенствено од националното законодавство во ревидирана регулаторна рамка според правото од Унијата наведено во оваа регулатива.

(10) Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 треба соодветно да се измени и дополни.

(11) Мерките што се предвидени со оваа Регулатива се во согласност со мислењето на Агенцијата доставено во согласност со член 19 (1) од Регулативата (ЕЗ) бр. 216/2008.

(12) Мерките што се предвидени со оваа Регулатива, се во согласност со мислењето на Комитетот, воспоставено со член 65 од Регулативата (ЕЗ) 216/2008,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА РЕГУЛАТИВА:

Член 1

Регулативата (ЕУ) бр. 1321/2014 се менува и дополнува како што следи:

(1) во Член 5, став 6 се заменува со следното:

` 6. Се додека посебните услови за персоналот кој издава уверенија за составни делови не се додадат во оваа регулатива, продолжуваат да се применуваат условите кои се дадени во националното право на соодветната земја-членка, со исклучок на организациите за одржување со седиште надвор од Унијата каде што условите се одобруваат од страна на Агенцијата.

(2) Член 8 се менува и дополнува како што следи:

(а) во став 2, точка (б) се брише;

(б) став 5 се брише;

(в) се додава следниов став 7:

[3]Регулатива (ЕУ) бр. 2015/1536 на Комисијата од 16 септември 2015 год. за изменување на Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014 во врска со усогласување на правилата за постојана пловидбеност со Регулатива (ЕЗ) бр. 16/2008, критичките задачи за одржување и следење на постојаната пловидбеност на воздухопловите (Сл. весник L 241, 17 септември 2015, стр. 16.)

` По пат на отстапување од став 1, за авиони со МТОМ од 5 700 кг или помалку, кои се опремени со повеќе турбопропелерски мотори кои не се вклучени во комерцијалните операции, точките М.А.201(е)2 и М.А.201(е)3 од Анекс I (Дел - М) се применуваат од 1 јануари 2025 година.`;

(3) Анекс I (Дел - М) се менува и дополнува во согласност со Анекс I од оваа регулатива.

(4) Анекс II (Дел - 145) се менува и дополнува во согласност со Анекс II од оваа регулатива.

(5) Анекс III (Дел - 66) се менува и дополнува во согласност со Анекс III од оваа регулатива.

(6) Анекс IV (Дел - 147) се менува и дополнува во согласност со Анекс IV од оваа регулатива.

(7) Анекс Va (Дел - Т) се менува и дополнува во согласност со Анекс V од оваа регулатива.

Член 2

Оваа регулатива влегува во сила на дваесеттиот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

Се применува од 5 март 2019 година.

Меѓутоа,

(1) член 1(2)(в), член 1(7) и точка 1 од Анекс IV се применуваат од 5 септември 2018 година;

(2) за одржување на ELA1 авиони кои не се вклучени во операциите на CAT и за воздухоплови кои не се авиони и хеликоптери:

(а) условот за надлежниот орган кој се однесува на издавање дозволи за одржување на воздухоплов согласно Анекс III (Дел - 66), за нови или конвертирани, согласно точка 66.А.70 од овој Анекс се применува од 1 октомври 2019 година;

(б) условот за персонал кој издава уверенија да биде квалификуван во согласност со Анекс III (Дел - 66), како што е наведено во точките М.А.606(е) и М.А.801(б)2 од Анекс I (Дел - М) и точките 145.А.30(е) и (ж) од Анекс II (Дел - 145) се применува од 1 октомври 2020 година.

Оваа регулатива е целосно обврзувачка и директно применлива во сите земји-членки.

Брисел, 14 август 2018 год.

За Комисијата
Претседател
Жан-Клод ЈУНКЕР

АНЕКС I

Анекс I се менува и дополнува како што следи:

(1) Содржината се менува и дополнува како што следи:

(а) Насловот на точка M.A.501 се заменува со следното:

`M.A.501 **Класификација и монтажа**`;

(б) Насловот на точка M.A.504 се заменува со следното:

`M.A.504 **Одвојување на составни делови**`;

(2) Точката M.A.501 се заменува со следното:

` M.A.501 **Класификација и монтажа**

(а) Сите составни делови се класификуваат во следниве категории:

(1) Составните делови кои се во задоволителна состојба, пуштени во употреба преку Образец 1 на EASA или на истоветен образец и означени во согласност со Поддел Q од Анекс I (Дел-21) кон Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012, освен доколку не е поинаку наведено во Анекс I (Дел-21) од Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 или во Анекс (Дел-M).

(2) Неисправните составни делови се одржуваат во согласност со оваа регулатива.

(3) Составните делови кои се категоризирани како необновливи поради тоа што го достигнале својот век на траење или имаат дефект кој не може да се отстрани.

(4) Стандардните делови кои се користат за воздухоплов, мотор, пропелер или за друг составен дел на воздухоплов кога се наведени во податоците за одржување и придружени со доказ за усогласеност кој може да се следи до применливиот стандард.

(5) Материјалот, кој е и суровина и потрошен материјал, се користи во насока на одржување кога организацијата е убедена дека материјалот ги исполнува бараните спецификации и има соодветна можност да се следи. Сите материјали мора да бидат придружени со документација која е јасно поврзана со конкретниот материјал и содржи изјава за усогласеност со спецификацијата, како и производителот и добавувачот.`;

(б) Составните делови, стандардните делови и материјал се вградуваат во воздухоплов или составен дел само кога тие се во задоволителна состојба, кога припаѓаат на една од категориите наведени во точка (а), а конкретниот составен дел, стандарден дел или материјал е наведен во важечките податоци за одржување.`;

(3) во точка M.A.502, точката (г) се заменува со следното:

`(г) По пат на отстапување од точка (а) и точка M.A.801(б)2, персоналот за издавање уверенија од точка M.A.801(б)2 може да го врши, во согласност со податоците за одржување на составните делови, следново:

(1) одржување, освен обновата на составни делови, додека составниот дел е монтиран или времено отстранет од ELA1 воздухоплов кој не се користи во комерцијален воздушен транспорт;

(2) обнова на мотори и елиси кои се монтирани или времено отстранети од CS-VLA, CS-22 и LSA воздухоплов кој не се користи во комерцијален воздушен транспорт.

Одржувањето на составниот дел извршено во согласност со точка (г) не е подобно за издавање на Образец 1 на EASA и подложи на условите за пуштање во промет на воздухопловите предвидени со точка M.A.801.`.

(4) точката M.A.504 е заменета со следното:

`M.A.504 **Одвојување на составни делови**

(а) Неисправните и необновливи составни делови се одвојуваат од исправните стандардните делови и материјали.

(б) Неисправните составни делови не смеат да бидат повторно внесени во системот за набавка на составни делови освен доколку не им е продолжен векот на траење или пак им е одобрено решение за поправка во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012.`;

(5) во точката M.A.606, точката (е) се заменува со следното:

`(е) Организацијата за одржување треба да има има доволен број на персонал за издавање на уверенија за пуштање во употреба на воздухоплов и составни делови според точките M.A.612 и M.A.613. Персоналот треба да ги исполнува следниве услови:

1. Анекс III (Дел - 66) во случај на воздухоплов;
2. Член 5(6) од оваа регулатива во случај на составни делови.`;

(6) во точката M.A.608, точката (в) се заменува со следното:

`(в) Организацијата ги прегледува, класифицира и соодветно одделува сите влезни составни делови, стандардни делови и материјали.`;

(7) во Додаток VII, првата реченица се заменува со следното:

` Подолу се наведени сложените задачи за одржување наведени во точките M.A.801(б)2 и M.A.801(в)`.

_____

Анекс II

Анекс II се менува и дополнува како што следи:

(1) содржината се менува и дополнува како што следи:

(а) точката 145.А.40 се заменува со следното:

`145.А.40 **Опрема и алати**`;

(б) точката 145.А.42 се заменува со следното:

`145.А.42 **Составни делови**`;

(2) во точката 145.А.30, ставовите (ѓ), (е), (ж) и (з) се заменуваат со следното:

`(ѓ) Организацијата гарантира дека персоналот кој спроведува или контролира проверка со недеструктивен тест на постојана пловидбеност на конструкцијата или на составните делови на воздухопловот, или и на двете, е соодветно квалификуван за конкретниот недеструктивен тест во согласност со европскиот или еквивалентен на европскиот стандард признат од страна на Агенцијата. Персоналот кој врши која било друга специјализирана задача е соодветно квалификуван во согласност со официјално признати стандарди. По пат на отстапување од овој став, персоналот наведен во став (е) и во ставовите(ж)1 и (ж)2, квалификуван за категорија B1, B3 или L во согласност со Анекс III (Дел-66), може да врши и/или да надгледува тестови со пробивање на боја за зголемување на контрастот.

(е) Која било организација која одржува воздухоплови, освен ако не е поинаку наведено во став (s), во случај на линиско одржување на воздухоплови, има соодветен персонал за издавање на уверенија со овластување за тип на воздухоплов, кој се квалификува како категорија B1, B2, B2L, B3, и L, како што е соодветно, во согласност со Анекс III (Дел-66) и точка 145.А.35.

Исто така, овие организации можат да користат и персонал за издавање на уверенија, кој е соодветно обучен за задачата, кој ги поседува правата опишани во точките 66.A.20(a)(1) и 66.A.20(a)(3)(ii) и е квалификуван во согласност со Анекс III (Дел-66) и 145.А.35 за вршење на помало планирано линиско одржување и поправка на едноставни дефекти. Расположливоста на таквиот персонал за издавање на уверенија не ја заменува потребата од персоналот за издавање на уверенија од категорија B1, B2, B2L, B3 и L, како што е соодветно.

(ж) Секоја организација која одржува воздухоплови, освен ако не е поинаку наведено во став (s):

1. во случај на базно одржување на комплексни воздухоплови на моторен погон, има соодветен персонал за издавање на уверенија со овластување за тип на воздухопловот, кој се квалификува како категорија C во согласност со Анекс III (Дел-66) и точка 145.А.35. Исто така, организацијата има доволно персонал за овластување за тип на

воздухоплов, кој се квалификува како категорија B1 и B2, зависно од потребата, во согласност со Анекс III (Дел-66) и точка 145.А.35 за да го поддржи персоналот за издавање на уверенија од категорија C.

(i) Персоналот за поддршка од категорија B1 и B2 осигурува дека сите односни задачи или инспекции се вршат според бараниот стандард пред персоналот за издавање на уверенија од категорија C да издаде уверение за пуштање во употреба.

(ii) Организацијата одржува регистер на кој било таков персонал за поддршка од категорија B1 и B2.

(iii) Персоналот за издавање на уверенија од категорија C гарантира дека е исполнето усогласувањето со став (i) и дека целата работа која ја бара клиентот е извршена во текот на конкретната проверка или на работниот пакет за базно одржување, и исто така го проценува влијанието на кои било активности кои не се извршиле, за да се побара нивно извршување или за да се договори со операторот да се одложи таа работа за друга наведена проверка или временски период.

2. во случај на базно одржување на воздухоплови кои не се комплексни воздухоплови на моторен погон има или:

(i) соодветен персонал за издавање на уверенија со овластување за тип на воздухоплов кој се квалификува како категорија B1, B2, B2L, B3 и L во согласност со Анекс III (Дел-66) и точка 145.А.35; или,

(ii) соодветен персонал за издавање на уверенија со овластување на тип на воздухоплов кој има квалификации од категорија C и потпомогнат од персонал за поддршка како што е наведено во точка 145.А.35(а)(i).

(з) Персоналот за издавање на уверенија за составните делови е квалификуван во согласност со член 5(6) и точка 145.А.25.`;

(3) точките 145.А.35 (а) и (б) се заменуваат со следното:

`(а) Освен условите од точките 145.А.30 (е) и (ж), организацијата осигурува дека персоналот за издавање на уверенија и персоналот за поддршка имаат соодветно познавање на односниот воздухоплов или составните делови, или од двете, кои треба да се одржуваат заедно со поврзаните постапки на организацијата. Во случај на персонал за издавање на уверенија, ова може да се постигне пред издавањето или повторното издавање на овластувањето за издавање на уверение.

(i) „Персонал за поддршка“ е оној персонал кој работи во рамките на околината за базно одржување и има дозвола за одржување на воздухоплови според Анекс III (Дел-66) во категорија B1, B2, B2L, B3 и/или L со соодветни овластувања за воздухопловот, кој ги нема потребните права за издавање на уверенија.

(ii) „Односен воздухоплов и/или составните делови“ се оние воздухоплови или составни делови, кои се наведени во конкретното овластување за издавање на уверенија.

(iii) „Овластување за издавање на уверенија“ е овластување кое му се издава на персоналот за издавање на уверенија од страна на организацијата и во кое е наведен фактот дека тој персонал може да потпишува уверенија за пуштање во употреба во рамките наведени на тоа овластување во име на одобрената организација.

(б) Со исклучок на случаите наведени во точките 145.A.30(s) и 66.A.20(a)3(ii) организацијата може да издава само овластување за издавање уверенија на персонал за издавање уверенија за основните категории или поткатегории и, освен за дозволи од категорија А, и кој било вид на овластување наведен на дозволата за одржување на воздухопловот како се бара со Анекс III (Дел-66), што зависи од тоа дозволата да остане важечка во текот на периодот на важење на овластувањето и персоналот за издавање уверенија кој продолжува да се усогласува со Анекс III (Дел-66).`;

(4) точката 145.A.40 се менува и дополнува како што следи:

(а) насловот се заменува со следновт:

`145.A.40 **Опрема и алати**`;

(б) точката (а) се заменува со следното:

`(a) Организацијата поседува и користи потребна опрема и алати за вршење на одобрениот опсег на работа.

(i) Кога производителот наведува одредена алатка или опрема, организацијата ја користи таа алатка или опрема, освен ако надлежниот орган не се согласи да се користат заменски алати или опрема преку постапки наведени во прирачникот.

(ii) Опремата и алатите мора постојано да бидат на располагање, освен во случај на алат или опрема која се користи толку ретко, што не е потребно да биде постојано на располагање. Тие случаи се детално опишани во процедурата на прирачникот.

(iii) Организација која е одобрена за базно одржување има доволно опрема за пристап до воздухопловот и платформи/докови за инспекција, како што е потребно за соодветна инспекција врз воздухопловот.

(5) точката 145.A.42 се заменува со следното:

` **Составни делови**

(a) Класификација на составните делови. Сите составни делови се соодветно класифицирани во следниве категории:

(i) Составни делови кои се во задоволителна состојба, пуштени во употреба на Образец 1 на EASA или еквивалент и означени во согласност со Поддел Н од Анекс I (Дел-21) кон Регулатива (ЕУ) бр.

748/2012, освен доколку не е поинаку посочено во Анекс I (Дел – 21) од Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012 или во овој Анекс II (Дел - 145).

(ii) Неисправните составни делови се одржуваат во согласност со оваа регулатива.

(iii) Составните делови кои не можат да се поправат бидејќи го достигнале својот век на траење или имаат дефект кој не може да се поправи.

(iv) Стандардните делови кои се користат во воздухоплов, мотор, елиса или други составни делови на воздухоплов, кога се наведени во податоците за одржување и придружени со доказ на сообразност кој се поврзува со применетиот стандард.

(v) Материјал, и сировина и потрошен материјал, кои се користат при одржувањето, откако организацијата е уверена дека материјалот ги исполнува потребните спецификации и има соодветна можност за следење. Целиот материјал може да биде придружен со документација која е јасно поврзана со конкретниот материјал и ја содржи изјавата за усогласеност со спецификацијата, како и производителот и добавувачот.

(б) Составни делови, стандардни делови и материјали за монтажа

(i) Организацијата ги утврдува постапките за прифаќање на составните делови, стандардните делови и материјалите за монтажаза да обезбеди дека составните делови, стандардните делови и материјалите се во задоволителна состојба и ги исполнуваат применливите барања од точка (а).

(ii) Организацијата воспоставува процедури за да се обезбеди дека составните делови, стандардните делови и материјалите се монтираатво воздухопловот или во составниот дел кога тој е во задоволителна состојба, само ако ги исполнуваат важечките барања наведени во точка (а) и дека применливите податоци за одржување го наведуваат конкретниот составен дел, стандарден дел или материјал.

(iii) Организацијата може да произведе ограничен асортиман на производи за да се користат при тековната работа во рамките на сопствените капацитети, доколку во прирачникот се идентификувани постапките.

(iv) Составните делови од точка 21.А.307(в) од Анекс I (Дел-21) кон Регулатива бр. 748/2012 се монтираат само доколку сопственикот на воздухопловот ги смета подобни за монтирање во својот воздухоплов.

(в) Одделување на составните делови

(i) Неисправните и необновливи составни делови се одвојуваат од исправните составни делови, стандардни делови и материјали.

(ii) Неисправните составни делови не смеат да бидат повторно внесени во систем на составни делови за набавка, освен доколку

во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012 им се продолжил векот на траење од увереиетоили решението за поправка им е одобрено.`;

АНЕКС III

Анекс III се менува и дополнува како што следи:

(1) во содржината се додаваат следните додатоци VII и VIII:

- `Додаток VII – Услови за основно познавање за дозвола за одржување на воздухоплов од категорија L
- Додаток VIII – Основни стандарди за испити за дозвола за одржување на воздухоплов од категорија L;

(2) Точката 66.A.3 се заменува со следното:

`66.A.3 **Категории и подкатегории на дозволи**

Дозволите за одржување на воздухоплови ги вклучуваат следниве категории, и каде е применливо, подкатегории и системи за овластување:

(а) Категорија А, поделена во следниве подкатегории:

* A1 Авиони со турбомотор;
* A2 Авиони со клипен мотор;
* A3 Хеликоптери со турбомотор;
* A4 Хеликоптери со клипен мотор,

(б) Категорија Б1, поделена во следниве подкатегории:

* B1.1 Авиони со турбомотор;
* B1.2 Авиони со клипен мотор;
* B1.3 Хеликоптери со турбомотор;
* B1.4 Хеликоптери со клипен мотор.

(в) категорија B2

Дозволата B2 се применува за сите воздухоплови.

(г) Категорија B2L

B2L дозвола се применува на сите воздухоплови, освен оние од Група 1, како што е дефинирано во точка 66.A.5(1) и е поделена на следните ` овластувања за системи`:

- комуникација / навигација (com/nav),

- инструменти,

- автоматско летање,

- надзор,

- системи за конструкција на воздухоплов.

B2L дозвола содржи најмалку едно овластување за системи;

(д) Категорија B3

Категоријата B3 е применлива за авиони со клипен мотор без притисок во кабината со максимална маса на полетување (MTOM) до 2 000 кг. и помалку.

(ѓ) Категорија L, поделена во следниве подкатегории:

- L1C: композитна едрилица,

- L1: едрилица,

- L2C: композитна едрилица на моторен погон и композитен авион ELA1,

- L2: едрилица на моторен погон и авион ELA1,

- L3H: балон со топол воздух,

- L3G: балони на гас,

- L4H: воздушни бродови на топол воздух,

- L4G: воздушни бродови ELA2 на гас,

- L5: воздушни бродови на гас кои не се ELA2.

(e) Категорија C

Дозволата C се применува за сите авиони и хеликоптери.`;

(3) точката 66.A.5 се менува како што следи:

` 66.A.5 **Групи на воздухоплови**

За целите на овластувањата во дозволите за одржување на воздухоплови, воздухопловите се класифицираат во следниве групи:

(1) Група 1: сложени воздухоплови на моторен погон, хеликоптери со повеќе мотори, авиони со максимална сертифицирани работна височина над FL290, авиони опремени со системи за електронско управување, воздушни бродови на гас кои не се ELA2 и други воздухоплови за кои е потребно овластување за тип на воздухоплов, доколку Агенцијата го одреди како такво.

Воздухоплов кој што ги исполнува условите од првиот подстав може да се класифицира од страна на Агенцијата во Група 2, Група 3 или Група 4, зависно од потребата, ако се смета дека помалата комплексност на одреден воздухоплов го оправдува тоа;

(2) Група 2: воздухоплови, освен оние од Група 1, кои припаѓаат на следните подгрупи:

(i) подгрупа 2a:
- авиони со еден турбопропелерски мотор,
- оние турбо-млазни и повеќе моторни турбо елисни авиони кои Агенцијата ги класифицира во оваа подгрупа поради нивната пониска комплексност;

(ii) подгрупа 2b:
- хеликоптери со еден турбински мотор,
- оние повеќе моторни турбо хеликоптери кои Агенцијата ги класифицира во оваа подгрупа поради нивната пониска комплексност;

(iii) подгрупа 2c:
— хеликоптери со еден клипен мотор,
— оние повеќе моторни клипни хеликоптери кои Агенцијата ги класифицира во оваа подгрупа поради нивната пониска комплексност;

(3) Група 3: авиони со клипен мотор, различни од оние од Група 1.

(4) Група 4: едрилици, едрилици на моторен погон, балони и воздушни бродови, различни од оние од Група 1.`;

(4) точката 66.А.20(а) се менува и дополнува како што следи:

(а) точките (4) и (5) се заменуваат со следното:

` 4. Со дозволата за одржување на воздухоплови од категорија B2L, му се дозволува на имателот да издава уверенија за пуштање во употреба и да дејствува како помошен персонал за категорија B2L за следното:

— одржување на електрични системи;
— одржување извршено врз системот на воздухопловна електроника во рамките на системот за овластување кој е посебно внесен во дозволата, и
— во случај на овластување за `системот за конструкција на воздухопловот`, кој ги извршува задачите на електричните системите и системите во воздухопловната електроника во склоп на погонската група и механичките системи за кои се потребни само едноставни тестови за да се докаже нивната исправност.

5. Со дозволата за одржување на воздухоплови од категорија B3, му се дозволува на имателот да издава уверенија за пуштање во употреба и да дејствува како помошен персонал за категорија B3 за следното:

* извршено одржување на конструкцијата на воздухопловот, погонската група, механичките и електричните системи, и
* работа на системите за воздухопловна електроника која налага само едноставни тестови за да се докаже нивната употребливост, а која не налага отстранување на дефектите.

(б) се додаваат следните точки (6) и (7):

` (6) Дозвола за одржување на воздухоплов од Категорија L му дозволува на носителот да издава уверенија за пуштање во употреба и да делува како персонал од категорија L за поддршка на следново:

- одржување на структурата на воздухопловот, погонската група и механички и електрични системи,

- делување на радио, предавател за итно лоцирање (ELT) и транспондер, и

- работа на други системи за воздухопловна електроника која налага само едноставни тестови за да се докаже нивната употребливост.

Поткатегоријата L2 вклучува поткатегорија L1. Секое ограничување на поткатегорија L2 во согласност со став 66.А.45(ж), исто така се применува за поткатегоријата L1.

Поткатегоријата L2C вклучува поткатегорија L1C.

(7) Дозвола за одржување на воздухоплов од Категорија С му дозволува на носителот да издава уверение за пуштање во употреба по спроведеното базно одржување на воздухопловот. Привилегиите се применуваат на воздухопловотво целост.

(5) во точката 66.А.25, ставот (а) се заменува со следното:

`(а) За дозвола освен за категорија B2L и L, подносителот на барање за дозвола за одржување на воздухоплови или за додавање на категорија или поткатегорија во таква дозвола, покажува по пат на испит одредено ниво на знаење во соодветните модули од предметот во согласност со Додаток I на Анекс III (Дел-66). Испитот го спроведува организацијата за обука, соодветно одобрена во согласност со Анекс IV (Дел-147) или од надлежниот орган.`;

(6) точката 66.А.25 се менува и дополнува како што следи:

(а) точките (б) и (в) се заменуваат со следното:

` (б) Подносителот на барањето за дозвола за одржување на воздухоплови од категоријата L во рамките на постојната поткатегорија, или за додавање на различна поткатегорија, со полагање на испит ќе го докаже своето ниво на владеење во соодветните предметни модули во согласност со Додаток VII од Анекс III (Дел - 66). Испитот е во согласност со стандардот даден во Додаток VIII од Анекс III (Дел - 66) и го спроведува соодветно одобрена организација за обука во согласност со Анекс IV (Дел - 147), од страна на надлежен орган или во договор со надлежен орган.

Се смета дека носителот на дозвола за одржување на воздухоплови од поткатегоријата B1.2 или категорија B3 ги исполнува основните барања за знаење за овластување од поткатегориите L1C, L1, L2C и L2.

Основни барања за знаење за поткатегоријата L4H вклучуваат барања за основно знаење за поткатегоријата L3H.

Основни барања за знаење за поткатегоријата L4G вклучуваат барања за основно знаење за поткатегоријата L3G.

(в) Подносителот на барањето за дозвола за одржување на воздухоплови BL2 за специфично „овластување за систем“ или за додавање на друго „овластување на систем“, со полагање на испит ќе го докаже своето ниво на владеење во соодветните предметни модули во согласност со Додаток I од Анекс III (Дел - 66). Испитот е во согласност со стандардот даден во Додаток II од Анекс III (Дел - 66) и го спроведува соодветно одобрена организација за обука во согласност со Анекс IV (Дел - 147), од страна на надлежен орган или во договор со надлежен орган.

(б) се додаваат следните точки (г), (д) и (ѓ):

"(г) Курсевите за обука и испитите успешно се полагаат во рок од 10 години пред поднесување на барање за дозвола за одржување на воздухоплови или за додавање на категорија или поткатегорија на таквата дозвола. Доколку ова не е случај, кредитите од испитите можат да се добијат во согласност со точката (д).

(д) Подносителот на барањето може да поднесе барање до надлежниот орган за целосно или делумно признавање на кредитите од испитите во врска со основните барања за знаење за:

(i) испити за основно познавање кои не го исполнуваат условот даденво точка (г);

(ii) сите други технички квалификации за кои надлежниот орган смета дека се еквивалентни на стандардот на знаење утврден во Анекс III (Дел - 66).

Кредитите за испити се доделуваат во согласност со Подделот Е од Делот Б од овој Анекс (Дел - 66).

(ѓ) кредитите за испитите престануваат да важат 10 години откако надлежната власт ги доделила на подносителот на барањето. Подносителот на барањето може да поднесе барање за нови кредити по истекот на нивната важност.`;

(7) во точката 66.А.30(а) се додаваат следните точки (2а) и (2б):

`2а. за категорија B2L:

(i) три години практично искуство во одржување на оперативни воздухоплови кои опфаќаат едно или повеќе овластувања за соодветниот систем, ако подносителот на барање нема претходна соодветна техничка обука, или

(ii) две години практично искуство во одржување на оперативни воздухоплови () кои опфаќаат едно или повеќе овластувања за соодветниот систем и завршена обука за квалификуван/стручен работник, кој надлежниот орган смета дека е соодветен во областа на техниката , или

(iii) една година практично искуство во одржување на оперативни воздухоплови кои опфаќаат едно или повеќе овластувања за соодветниот систем, и завршен основен курс за обука, одобрен во согласност со Дел-147.

При дополнување на едно или повеќе овластувања за новиот систем на постоечката дозвола за категорија B2L, за секое дополнително овластување за новиот систем се бара 3 месеци практично искуство во одржување кое се однесува на овластувањето за новиот систем.

2б. За категорија L:

(i) две години практично искуство во одржување на оперативни воздухоплови кои опфаќаат репрезентативен пресек од активностите за одржување на соодветната поткатегорија;

(ii) по пат на отстапување од точката (i), едногодишно практично искуство во одржување на оперативни воздухоплови кои опфаќаат репрезентативен пресек од активностите за одржување на соодветната поткатегорија, а се предмет на воведување на ограничувањето кое е предвидено во точката 66.А.45(ж)(ii)(3).

За вклучување на дополнителна поткатегорија во постојната дозвола од категоријата L, искуството кое што се бара во точките (i) и (ii) треба да биде 12 односно 6 месеци.

Носителот на дозвола за одржување на воздухоплови од категорија/поткатегорија B1.2 или B3 се верува дека ги исполнува основните условите за искуство за дозвола од поткатегориите L1C, L1, L2C и L2.`;

(8) точката 66.A.45 се заменува со следното:

` 66.A.45 **Дополнување на дозволата со овластување за тип/група на воздухоплов**

(a) За да може да ги користи своите права за издавање на уверение за определен тип воздухоплов, потребно е во дозволата за одржување на воздухоплови на имателот да има впишано овластување за соодветниот тип на воздухоплов.

- Соодветните одобрени типови воздухоплови за категорија B1, B2 или C се следниве:

(i) за воздухоплови од Група 1 - соодветното овластување за тип на воздухоплов;

(ii) за воздухоплови од Група 2 - соодветното овластување за тип на воздухоплов, овластување за подгрупа производител или овластување за целосна подгрупа воздухоплови;

(iii) за воздухоплови од Група 3 - соодветното овластување за тип воздухоплов или овластување за целосна група воздухоплови;

(iv) за воздухоплови од Група 4 – за категоријата B2 дозвола, овластување за целосна група воздухоплови.

- Соодветните одобрени типови воздухоплови за категорија B2L се следниве:

(i) за воздухоплови од Група 2 - соодветното овластување за тип на воздухоплов, овластување за подгрупа производители или овластување за целосна подгрупа воздухоплови;

(ii) за воздухоплови од Група 3 - овластување за целосна група воздухоплови;

(iii) за воздухоплови од Група 4 – овластување за целосна група воздухоплови.

* За категорија B3, соодветното овластување е „ авиони со клипен мотор без притисок во кабината, со максимална маса на полетување (MTOM) до 2 000 кг и помалку“.
* Соодветните одобрени типови воздухоплови за категорија L се следниве:

(i) за подкатегорија L1C, овластувањето `едрилици со композитна конструкција`

(ii) за подкатегорија L1, овластувањето `едрилици `

(iii) за подкатегорија L2C, овластувањето ` моторни едрилици со композитна конструкција и ELA1 авиони со композитна конструкција `

(iv) за подкатегорија L2, овластувањето `моторни едрилици и ELA1

авиони`;

(v) за подкатегорија L3H, овластувањето ` балони на топол воздух`

(vi) за подкатегорија L3G, овластувањето ` балони на гас`

(vii) за подкатегорија L4H, овластувањето ` воздушни бродови на топол воздух `

(viii) за подкатегорија L4G, овластувањето ` ELA2 воздушни бродови на гас `

(ix) за подкатегорија L5, соодветно овластувањето за тип на воздушен брод.

* За категорија A не се бара овластување во согласност со барањата на точка 145.A.35 од Анекс II (Дел-145).

(б) Дополнувањето на дозволата со овластување за тип на воздухоплов бара успешно завршување на една од следните:

— обука за тип на воздухоплов за соодветната категорија B1, B2 или C во согласност со Додаток III кон Анекс III (Дел – 66);

— во случај на овластување за воздушен брод со топол воздух за B2 или L5 дозволи, обука за тип овластена од соодветната власт во согласност со точката 66.B.130.

(в) Покрај дозволите од категоријата C, во дополнение на барањето во точка (б), дополнувањето на дозволата со овластување за прв тип на воздухоплов во рамки на дадена категорија/поткатегорија бара успешно завршена соодветна обука на работното место. Оваа обука на работното место мора да биде во согласност со Додаток III од Анекс III (дел - 66), освен во случај на воздушни бродови на гас, кога се директно одобрени од надлежната власт.

(г) По пат на отстапување од точките (б) и (в), за воздухоплови од група 2 и 3, може да се обезбеди дополнување на дозволата со овластување за тип на воздухоплов по:

* успешно положен испит за тип на воздухоплов за соодветната категорија B1, B2 или C, опишан во Додаток III на овој Анекс (Дел-66), и
* за категории B1 и B2, докажување на практично искуство за соодветниот тип воздухоплов. Во тој случај, практичното искуство вклучува репрезентативен преглед на активностите за одржување, кои одговараат на категоријата од дозволата.

За категорија C, во случај на овластување на лице кое поседува академски степен, како што е наведено во точка 66.A.30 (a) (7), првиот соодветен испит за тип воздухоплов е на ниво за категорија B1 или B2.

(д) За воздухоплови од Група 2:

(i) дополнувањето на дозволата со овластување за подгрупа производители, за имателите на дозвола за категорија B1 и C, налага усогласеност со барањата за овластување за тип воздухоплов од најмалку два типа на воздухоплови од истиот производител, кои во комбинација се репрезентативни за применливата подгрупа производители;

(ii) дополнувањето на дозволата со овластување за цела подгрупа, за имателина дозвола за категорија B1 и C, налага усогласеност со барањата за овластување за тип на воздухоплов од најмалку три типа воздухоплови од различни производители, кои во комбинација се репрезентативни за применливата подгрупа;

(iii) дополнувањето на дозволата со овластување на подгрупа производители и за цела подгрупа за имателите на дозвола за категорија B2 и B2L, налага докажување на практично искуство, кое вклучува репрезентативен преглед на активностите за одржување, кои се соодветни на категоријата од дозволата и на применливата подгрупа воздухоплови, и во случај на дозвола B2L, соодветни на применливото овластување(ња) за системи;

(iv) по пат на отстапување од точката (д)(iii), носителот на дозволата B2 и B2L, со дополнувањеза целосна подгрупа 2б, има право на дополнување на овластување за целата подгрупа 2в.

(ѓ) За воздухоплови од Група 3 и 4:

(i) дополнувањето на дозволата со овластување за цела Група 3 за имателите на дозвола за категорија B1, B2, B2L и C и дополнувањето на дозвола со овластување за цела група на имателина дозволи за категорија B2 и B2L налага докажување на практично искуство, кое вклучува репрезентативен преглед на активностите за одржување воздухоплови, кои се соодветни на категоријата од дозволата и на Група 3 и 4, зависно од примената;

(ii) за категорија B1, ако подносителот на барање не достави докази за соодветно искуство, овластувањето за воздухоплови од Група 3 е предмет на следниве ограничувања кои се наведуваат во дозволата:

— херметички затворени авиони

— авиони со метална конструкција,

— авиони со композитна конструкција,

— авиони со дрвена конструкција,

* авиони со конструкција од метални цевки, покриена со ткаенина;

(iii) по пат на отстапување од точката (ѓ)(i), носителот на дозволата B2L, со дополнувањеза целосна подгрупа 2а или 2б, има право на дополнување на овластување за групите 3 и 4.

(е) За категорија B3:

(i) дополнувањето на дозволата со овластување за „ авиони со клипен мотор без притисок во кабината со максимална маса на полетување (MTOM) од 2 000 кг и помалку“ налага докажување на практично искуство кое вклучува репрезентативен преглед на активностите за одржување на воздухопловот, кои одговараат на категоријата од дозволата.

(ii) ако подносителот на барање не достави докази за соодветно искуство, овластувањето за тип воздухоплов наведено во точка (i), е предмет на следниве ограничувања кои се наведуваат во

дозволата:

* авиони со дрвена конструкција,
* авиони со конструкција од метални цевки, покриена со ткаенина,
* авиони со метална конструкција,
* авиони со композитна конструкција.

(ж) за сите поткатегории на L дозволи, освен за L5:

(i) дополнувањето на дозволата со овластување за тип на воздухоплов бара доказ за практично искуство што вклучува репрезентативен пресек на активности за одржување што соодветствуваат на поткатегоријата на дозволата;

(ii) освен доколку кандидатот не обезбеди доказ за релевантно искуство, овластувањата подлежат на следниве ограничувања, кои се наведуваат во дозволата:

(1) за овластување за `едрилици` и ` моторни едрилици и ELA1 авиони`;

— авиони со дрвена конструкција, покриена со ткаенина,

— авиони со конструкција од метални цевки, покриена со ткаенина,

— авиони со метална конструкција,

— авиони со композитна конструкција.

(2) за овластување за ` балони на гас`

- освен за другите кои не се ELA1 балони на гас; и

(3) доколку кандидатот доставил само доказ за едногодишно искуство во согласност со отстапувањето од точка 66.A.30(a)(2б)(ii), следниве ограничувања се наведуваат во дозволата:

` сложени задачи за одржување наведени во Додаток VII од Анекс I (Дел - M), стандардни измени наведени во точка 21.A.90Б од Анекс I (Дел - 21) од Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012 година и стандардни поправки наведени во точка 21.A.431Б Анекс I (Дел - 21) од Регулативата (ЕУ) бр. 748/2012.`

Се смета дека носителот на дозволата за одржување на воздухоплови од поткатегоријата B1.2 со дополнето овластување од Група 3, или за категорија B3 со дополнето овластување за `авиони со клипен мотор без притисок во кабината со максимална маса на полетување (MTOM) од 2 000 кг. и помалку`, ги исполнува условите за издавање на дозвола за поткатегориите L1 и L2 со соодветните целосни овластувања и со истите ограничувања како што е во односната лиценца B1.2/B3.';

(9) во точката 66.A.50, потточката (а) се заменува со следното:

`(а) Ограничувањата кои се впишани во дозволата за одржување на воздухоплови се исклучоци од правата за издавање на уверенија, во однос на

ограничувањата кои се дадени во точка 66.А.45, влијаат врз воздухопловот во целост.`;

(10) во точката 66.А.70, потточките (в) и (г) се заменуваат со следното:

`(в) Каде што е неопходно, дозволата за одржување на воздухоплови содржи ограничувања согласно точка 66. А.50. за да се одразат разликите меѓу:

(i) опсегот на квалификациите за персонал кој издава уверенија, признати во земјата-членка пред влегувањето во сила на применливата категорија или поткатегорија на дозвола дадена во овој Анекс (Дел – 66);

(ii) барањата за основни знаења и основни стандарди за испити наведени во Додатоците I и II кон овој Анекс (Дел-66).

(г) По пат на отстапување од точка (в), за воздухоплов кој не се употребува од воздушен превозник кој има уверение во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 1008/2008, различен од сложен воздухоплов на моторен погон, и за балони, едрилици, едрилици на моторен погон и воздушни бродови, дозволата за одржување на воздухоплови содржи ограничувања во согласност со точка 66.А.50 за да обезбеди дека овластувањата на персоналот за издавање на уверенија кои важат во земјата-членка пред влегувањето во сила на применливите категории/поткатегории на дозвола од Дел-66 и на оние од конвертираната дозвола за одржување на воздухоплови од Дел-66 остануваат исти.

(11) Точката 66.В.100(б) се заменува со следното:

`(б) Надлежниот орган го проверува статусот на испитите на подносителот на барање и/или го потврдува важењето на кредитите за да осигури дека се исполнети сите услови од модулот од Додаток I или Додаток VII, како што се бара согласно овој Анекс (Дел-66).

(12) Точката 66.В.110 се заменува со следното:

`66.В.110. **Постапка за изменување на дозвола за одржување на воздухоплови со цел впишување на дополнителна основна категорија или поткатегорија**

(а) По завршување на постапките наведени во точка 66.В.100 или 66.В.105, надлежниот орган ја впишува дополнителната основна категорија или поткатегорија или, за категоријата В21, овластување(а) за систем во дозволата за одржување на воздухоплови, со потпис и печат или повторно ја издава дозволата.

(б) Системот за водење евиденција на надлежниот орган соодветно се изменува.

(в) На барање на кандидатот, надлежниот орган ја заменува дозволата за категорија B2L со дозвола за категорија В2 со дополнување на истото овластување(а) за воздухоплов, доколку кандидатот ги докаже следниве две работи:

(i) преку полагање на испит да ги докаже разликите помеѓу основните познавање кои соодветствуваат со дозволата B2L која што ја поседува и основното знаење за дозволата B2, како што е дефинирано во Анекс I;

(ii) практично искуство кое што се бара во Додаток IV.

(г) Во случај носителот на дозволата за одржување на воздухоплови од поткатегоријата B1.2 со дополнето овластување од Група 3, или за категорија B3 со дополнето овластување за `авиони со клипен мотор без притисок во кабината од максимална маса на полетување (MTOM) од 2 000 кг и помалку`, надлежниот орган на барање, издава дозвола за поткатегориите L1 и L2 со потполно овластување, со истите ограничувања како што е во односната лиценца B1.2/B3.';

(13) Во точката 66.B.115, потточката (ѓ) се заменува со следното:

` (ѓ) Надлежните органи обезбедуваат дека усогласеноста со практичните елементи за оспособување за тип се докажува преку едно од следниво:

(i) со поднесување на детална документација или дневник за практично оспособување, обезбедени од прописно одобрена организација за одржување во согласност со точката 66.B.130,

(ii) или кога е применливо, со потврда за практично оспособување, која го покрива елементот на практична обука, издадена од организација за обука за одржување, прописно одобрена во согласност со Анекс IV (Дел-147).

(14) Во точката 66.B.125, потточката (б), став (1) се заменува со следното:

` 1. за категорија B1 или C:

* хеликоптери со клипен мотор, целосна група: конвертирана во „целосна подгрупа 2c“ плус овластувања за тип на воздухоплов за оние едномоторни клипни хеликоптери, кои се во Група 1;
* хеликоптери со клипен мотор, група производители: конвертирана во соодветната „подгрупа производители 2c“ плус овластувања за тип на воздухоплов за оние едномоторни клипни хеликоптери од тој производител, кои се во Група 1;
* хеликоптери со турбински мотор, целосна група: конвертирана во „целосна подгрупа 2b“ плус овластувања за тип на воздухоплов за оние едномоторни клипни хеликоптери, кои се од Група 1;
* хеликоптери со турбински мотор, група производители: конвертирана во соодветната „подгрупа производители 2b“ плус овластувања за тип на воздухоплов за оние едномоторни клипни хеликоптери од тој производител, кои се во Група 1;
* едномоторни клипни авиони - метална конструкција, целосна група или група производители: конвертирана во „целосна група 3“. За дозвола B1 треба да се впишуваат следниве ограничувања: авиони со композитна конструкција, авиони со дрвена конструкција и авиони со метални цевки, покриени со ткаенина;
* повеќемоторни клипни авиони - метална конструкција, целосна група или група производители: конвертирана во „целосна група 3“ плус овластувањата за тип на воздухоплов за оние авиони со повеќе

клипни мотори од соодветната целосна група производители кои се во Група 1. За дозвола B1 треба да се впишуваат следниве ограничувања: авиони со композитна конструкција, авиони со дрвена конструкција и авиони со метални цевки, покриени со ткаенина;

* едномоторни клипни авиони - дрвена конструкција, целосна група или група производители: конвертирана во „целосна група 3“. За дозвола B1 треба да се впишуваат следниве ограничувања: херметички затворени авиони, авиони со метална конструкција, авиони со композитна конструкција, авиони со метални цевки, и авиони покриени со ткаенина;
* повеќемоторни клипни авиони - дрвена конструкција, целосна група или група производители: конвертирана во „целосна група 3“. За дозвола B1 треба да се впишуваат следниве ограничувања: херметички затворени авиони, авиони со метална конструкција, авиони со композитна конструкција, авиони со метални цевки, и авиони покриени со ткаенина;
* едномоторни клипни авиони- композитна конструкција, целосна група или група производители: конвертирана во „целосна група 3“. За дозвола B1 треба да се впишуваат следниве ограничувања: херметички затворени авиони, авиони со метална конструкција, авиони со дрвена конструкција, авиони со метални цевки, и авиони покриени со ткаенина;
* повеќемоторни клипни авиони - композитна конструкција, целосна група или група производители: конвертирана во „целосна група 3“. За дозвола B1 треба да се впишуваат следниве ограничувања: херметички затворени авиони, авиони со метална конструкција, авиони со дрвена конструкција, авиони со метални цевки, и авиони покриени со ткаенина;
* турбински авиони - едномоторни, целосна група: конвертирана во „целосна подгрупа 2а“ плус овластувања за тип на воздухоплов за авионите со еден турбопропелерски мотор, за кои кај претходниот систем не е потребно овластување за тип воздухоплов и кои се од Група 1;
* турбински авиони - едномоторни, група производители: конвертирана во соодветна „подгрупа производители 2а“ плус овластување за тип на воздухоплов за авионите со еден турбопропелерски мотор, за кои кај претходниот систем не е потребно овластување за тип на воздухоплов и кои се од Група 1;
* турбински авиони - повеќемоторни, целосна група: конвертирана во овластување за тип воздухоплов за авионите со повеќе турбопропелерски мотори, за кои кај претходниот систем не е потребено овластување за тип воздухоплов.;“

(15) точката 66.B.130 се заменува со следното:

` 66.B.130 **Постапка за директно одобрение на обука за тип на воздухоплов**

(a) Во случај на обука за тип на воздухоплов кој не е воздушен брод, согласно точка 1 од Додатокот III кон овој Анекс (Дел-66), надлежниот орган може да одобри обука за тип на воздухоплов што не се спроведува од страна на организација за обука за одржување, одобрена во согласност со

Анекс IV (Дел-147). Во таков случај, надлежниот орган треба да има/спроведува постапка со која ќе се осигури дека обуката за тип на воздухоплов е во согласност со условите од Додаток III кон овој Анекс (Дел-66).

(б) Во случај на обука за тип на воздушен брод од Група 1, курсевите директно се одобруваат од страна на надлежните власти во сите случаи. Надлежните власти имаат постапка за да обезбедат дека наставната програма за обука за тип на воздушен брод ги покрива сите елементи кои се содржат во податоците за одржување од Подносителот на дизајн за одобрување (DAH).`;

(16) во точката 66.В.200, потточката (в) се заменува со следното:

`(в) Основните испити се спроведуваат согласно стандардите наведени во Додатоците I и II или Додатоците VII и VIII кон овој Анекс (Дел-66), зависно од примената. `;

(17) во точката 66.В.305 (б), зборот `Додаток III` се заменува со зборот `Додаток I`;

(18) точката 66.В.405 се заменува со следното:

`66.В.405 **Извештај за кредити од испити**

(а) Извештајот за признавање на кредит од испит вклучува споредба помеѓу:

(i) модулите, подмодулите, предметите и нивото на знаење содржани во Додаток I или VII кон овој Анекс (Дел-66), како што е применливо, и

(ii) наставен план за секоја техничка квалификација поврзана со конкретната категорија за која се поднесува барање.

Споредбата покажува дали е докажана согласност и содржи образложение за секоја изјава.

(б) При испити, различни од испитите за основни знаења, одржани во организациите за обука за одржување, и одобрени во согласност со Анекс IV (Дел-147), кредити од испити можат да бидат признати само од надлежниот орган на земјата-членка во која е стекната професионалната квалификација, освен доколку не постои формален договор со тие надлежни власти во кој е поинаку одредено.

(в) Во случај да нема декларација за сообразност за секој модул и подмодул, во која се наведува каде во техничките квалификации може да се најде еквивалентен стандард, не може да биде признат испитот.

(г) Надлежниот орган проверува редовно дали има промени во:

(i) националниот стандард за квалификација;

(ii) Додатоците I или VII кон овој Анекс (Дел-66), во зависност од примената.

Надлежните власти исто така оценуваат дали се потребни последователни промени во извештајот за признавање на кредит од испит. Ваквите промени се документираат, регистрираат и евидентираат.`;

(19) во точката 66.В.410, потточката (в) се заменува со следното:

`(в) По истекот на признавањето на кредитите, подносителот на барање може да аплицира за нови кредити. Надлежниот орган ја продолжува валидноста на кредитите за дополнителен период од десет години без други размислувања, под услов назначените барања за основни знаења наведени во Додаток I или VII кон овој Анекс (Дел-66) да не се променети.

(20) Додаток I се менува и дополнува како што следи:

(а) во точката 1, насловот и првиот под параграф се заменува со следното:

` *Додаток I*

Услови за основни познавања

(освен за дозволи од категорија L)

1. **Нивоа на знаење за дозволи за одржување на воздухоплови од Категорија A, B1, B2, B2L, B3 и C**

Основното знаење за категориите A, B1, B2, B2L и B3 е означено со индикатори за нивоа на знаење (1, 2 или 3) за секој применлив предмет. Подносителите на барање за категорија C ги задоволуваат нивоата за основни познавања за категориите B1 или B2.

(б) во точката 2, насловот, првиот под параграф и првата табела се заменува со следното:

"2. **Модуларизација**

Квалификациите за основни предмети за секоја категорија или поткатегорија на дозвола за одржување на воздухоплов, треба да се во согласност со следната матрица, каде што предметите кои се применуваат се означени со „X".

За категориите A, B1 и B3:

Модул на предмет	A или B1 авион со:		A или B1 хеликоптер со:		B3
	Турбински мотор(и)	Клипни мотор(и)	Турбински мотор(и)	Клипни мотор(и)	Авиони со клипен мотор без притисок во кабината со максимална маса на полетување од2 000 кг и помалку
1	X	X	X	X	X
2	X	X	X	X	X
3	X	X	X	X	X
4	X	X	X	X	X
5	X	X	X	X	X

6	X	X	X	X	X
7A	X	X	X	X	
7 B					X
8	X	X	X	X	X
9 A	X	X	X	X	
9 B					X
10	X	X	X	X	X
11 A	X				
11 B		X			
11C					X
12			X	X	
13					
14					
15	X		X		
16		X		X	X
17 A	X	X			
17 B					X

За категориите B2 и B2L:

Модул на предмет/подмодули	B2	B2L
1	X	X
2	X	X
3	X	X
4	X	X
5	X	X
6	X	X
7A	X	X
7 B		
8	X	X
9 A	X	X
9 B		
10	X	X
11 A		
11 B		
11C		

12		
13.1 и 13.2	X	X
13.3(а)	X	X (за овластување за систем `автоматско летање`)
13.3(б)	X	
13.4(а)	X	X (за овластување за систем `COM/NAV`)
13.4(б)	X	X (за овластување за систем `надзор`)
13.4(в)	X	
13.5	X	X
13.6	X	
13.7	X	X (за овластување за систем `автоматско летање`)
13.8	X	X (за овластување за систем `Инструменти`)
13.9	X	X
13.10	X	
13.11 до 13.18	X	X (за овластување за систем ` системи за конструкција`) на воздухоплов `)
13.19 до 13.22	X	
14	X	X (за овластување за систем `Инструменти и системи за конструкција на воздухоплов`)
15		
16		
17 A		
17 B		

(в) во табелата за модулите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7А, 8, 9А, 10 и 14,графатасо содржина

_____

НИВО_____

B2

_____

се заменува со следното:

_____

НИВО

_____

B2

B2L

_____

(г) во табелата од модул 5, `1` се заменува со `-` од подмодул 5.5.(а) за дозвола B3;

(д) во табелата од модул 7B, `-` се заменува со `1` од подмодул 7.4 за дозвола B3;

(ѓ) во табелата од модул 7B, подмодул 7.10, `1` се заменува со `2` за дозвола B3;

(е) во табелата од модул 11A, подмодул 11.8 точка (б), `1` се заменува со `2` за дозвола B1.1;

(ж) во табелата од модул 11A, графата со содржина од првата колона од подмодул 11.6 се заменува со следното:

`11.16 *Пневматика/вакуум (ATA 36)*

Распоред на системот;

Извори: мотор/APU (помошен извор на енергија), компресори, резервоари, уреди од земја;

Пумпи за притисок и вакум;

Контрола на притисокот;

Дистрибуирање;

Индикација и предупредување;

Врска со останатите системи.`;

(з) во табелата од модул 11A, графата со содржина од првата колона од подмодул 11.20 се заменува со следното:

`11.20 Кабински системи (ATA 44)

Уреди и составни делови кои обезбедуваат средства за забава на патниците и обезбедуваат комуникација во рамки на воздухопловот (Cabin Intercommunication Data System (CIDS)) и помеѓу кабината на авионот и земјени станици (Cabin Network Service (CNS)). Тие вклучуваат пренос на глас, податоци, музика и видео.

CIDS обезбедува врска помеѓу пилотската кабина, кабинскиот персонал и кабинските системи. Овие системи поддржуваат размена на податоци помеѓу различните поврзани моментално

заменливи единици (Line Replaceable Units (LRU)) и обично со нив се управува преку командни панели на персоналот на лет (Flight Attendant Panels(FAP)).

CNS обично се состои од сервер кој комуницира, меѓу другото, со следниве системи:

* Комуникација на податоци/радио сигнали ;
* Основен кабински систем (CCS);
* Систем за забава за време на летот (IFES);
* Систем за надворешна комуникација (ECS);
* Систем за количество на меморија на кабината (CMMS);
* Систем за следење на кабината (CMS);
* Други кабински системи (MCSs).

CNS може да поддржува функции како:

* Пристап до извештаи пред полетување и за време на полетување;
* електронска пошта/ Интранет / Интернет пристап; База на податоци на патниците;`;

(s) во табелата од модул 11B, подмодул 11.8, точката (б), `3` се заменува со `2` за дозвола B1.2:

(и) во табелата од модул 11B, графатасо содржина од првата колона од подмодул 11.16 се заменува со следното:

`11.16 *Пневматика/вакуум (ATA 36)*

Распоред на системот;

Извори: мотор/APU, компресори, резервоари, уреди од земја;

Пумпи за притисок и вакуум;

Контрола на притисокот;

Дистрибуирање;

Индикација и предупредување;

Врска со останатите системи.`;

(j) во табелата од модул 12, графатасо содржина од првата колона од подмодул 12.16 се заменува со следното:

`12.16 *Пневматика/вакуум (ATA 36)*

Распоред на системот;

Извори: мотор/APU, компресори, резервоари, уреди од земја;

Пумпи за притисок и вакуум;

Контрола на притисокот;

Дистрибуирање;

Индикација и предупредување;

Врска со останатите системи.`;

(к) модул 13 се заменува со следното:

`МОДУЛ 13. АЕРОДИНАМИКА, СТРУКТУРИ И СИСТЕМИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ

	НИВО
	B2 B2L
13.1 *Теорија за летање* (а) *Аеродинамика на авионот и контроли на летање* Работа и ефекти од: — Контрола на движењето по земја, аилерони (крилца) и спојлери; — Контрола на висината: висински кормила, стабилизатори, стабилизатори при различни наклони и воздухоплови од типот „патка“, и — Контрола на свртување, ограничување на правецот на крмата (кормилото); Контрола со елевони, рудерватори; Уреди за подигање нагоре: процепи, преткрилца, заткрилца; Уреди за индукција на предниот отпор: спојлери, испуштање на предниот дел, кочници; Начин на работа и ефекти од тримери, серво тримери, контрола на површинскиот наклон;	1
(б) *Лет со голема брзина* Брзина на звукот, лет под брзината на звукот, ултразвучен лет, лет над брзината на звукот; Махов број, критичен Махов број.	1
(в) *Аеродинамика на ротор* Терминологија;	1

Дејствување и ефект од циклични промени на чекорот на ротор, дејствување и ефект од колективни промени на чекор на ротор и контроли на анти-торзискиот момент.	
13.2 *Структури – Општи концепти*	
Основи на структурни системи	1
Системи за идентификација на зони и станици;	2
Електрично заземјување;	2
Обезбедување на заштита при удар на гром.	2
13.3 *Автоматско летање (ATA 22)*	
(а)	3
Основи на контролата на автоматско летање вклучувајќи ги работните принципи и тековната терминологија;	
Обработка на командните сигнали;	
Начини на работа: контрола на воздухопловот по висина, правец и подолна оска;	
Ублажувач на свртувањето;	
Систем за зголемување на стабилноста во хеликоптерите;	
Автоматска контрола на рамнотежната состојба;	
Интерфејс за помош при навигација на автоматскиот пилот	3
(б)	
Системи за автоматско придушување; Системи за автоматско слетување; принципи и категории, начини на работа, пристап, понирање, слетување, кружење, монитори на системот и услови при дефекти..	
13.4 *Комуникации/Навигација (ATA 23);*	
(а)	3
Основи на распростирање на радио бранови, антени, линии за пренесување, комуникација, приемник и предавател;	
Работни принципи на следниве системи:	
— Комуникација на многу висока фреквенција (VHF);	
— Комуникација на висока фреквенција (HF);	
— Аудио;	
— Предаватели за итно лоцирање, (ELT) (Emergency Location Transmitters);	
— Магнетофон во пилотската кабина (CVR);	

— Високофреквентен повеќе месечен радиопредавател (VOR); — Радиокомпас (ADF); — Систем на инструменти за слетување (ILS); — Систем за слетување на микробранови (MLS); — Опрема за мерење на оддалеченост (DME); — Просторна навигација , RNAV системи; — Системи за управување со летот (FMSs); — Светски систем за одредување на положбата (GPS), сателитски систем за глобална навигација (GNSS); — Врски со податоци; *(б)* * АТС предавател, секундарен надзорен радар; * Систем за тревожење и избегнување на судир (TCAS); * Метеоролошки радар; * Радио висиномер; * Автоматски зависен надзор – радиодифузно емитирање (ADS-B); (в) — Систем за слетување на микробранови (MLS); — Многу ниска фреквенција и хиперболична навигација (VLF/Omega); — Доплер навигација; — Инерцијален навигациски систем (INS); — ARINC (Aircraft Radio Incorporated) комуникации и известување.	3 3
13.5 *Електрична енергија (ATA 24)* Вградување и работа на акумулатори; Производство на еднонасочна струја DC; Производство на наизменична струја AC; Производство на струја во случаи на нужда; Регулација на напон; Распределба на енергија; Инвертори, трансформатори, исправувачи; Заштита на струјни кола; Надворешно/напојување од земја.	3
13.6 *Опрема и уредување (ATA 25)* Барања за електронска опрема за итни случаи; Опрема за забава во кабината.	3
13.7 *Команди на летот (ATA 27)* (а) Примарни команди: аилерон, висинско кормило, кормило, спојлер;	2

Контрола на рамнотежата; Активна контрола на товарот; Уреди за високо подигнување; Спуштање на висината, кочници; Управување со системот: рачно, хидраулично, пневматско; Вештачко чувство за оптеретување на командите за летање, ублажувач на страничните удари во летот, контрола во однос на Маховиот број, ограничувач на правецот на крмата (кормилото), осигурувач на командните површини; Системи за заштита од губење на брзината; (б) Управување со систем: електрично, електронско.	3
13.8 *Инструменти (ATA 31)* Класификација; Атмосфера; Терминологија; Уреди и системи за мерење на притисок; Питот статички системи; Висинометри; Вариометри; Брзинометри; Махометри; Системи за известување за висината/за тревога; Компјутери за воздушни податоци; Пневматски систем за инструменти; Директно читање на притисокот и термометри; Системи за покажување на температурата; Системи за покажување на количеството на гориво; Жироскопски принципи; Вештачки хоризонт; Индикатори за лизгање; Жироскопи за покажување на правецот; Системи за предупредување за опасно приближување кон земјата (GPWS); Системи на компаси; Системи за регистрирање на параметрите на летот (FDRS); Електронски систем на инструментите за летање (EFIS;	3

Системи на инструменти за предупредување, вклучувајќи ги системите за главно предупредување и централизирани табли за предупредување; Системи за предупредување за губење на брзината и системи за покажување на аголот на напад; Мерење и индикација на вибрација; Стаклена кабина.	
13.9 *Светла (ATA 33)* Надворешни: навигација, слетување, движење на авионот по земја, мраз; Внатрешни: кабина, пилотска кабина, простор за товар (багаж). Во вонредни околности.	3
13.10 *Системи за одржување во воздухопловот (ATA 45)* Централни компјутери за одржување; Систем за внесување на податоци; Систем на електронска база на податоци; Систем за печатење; Систем за следење на структурата (следење на толеранција на штета).	3
13.11 *Климатизација и притисок во кабина (ATA 21)* 13.11.1. *Снабдување со воздух* Извори за снабдување со воздух вклучувајќи моторни одводи, APU (помошен извор на енергија) и подна количка. 13.11.2. *Климатизација* Системи за климатизација; Уреди за кружење (циркулација) на воздух и пареа; Системи за дистрибуирање; Систем за контрола на протокот, температурата и влажноста.	2 2 3 1

13.11.3. *Притисок*	3
Системи за притисок;	3
Контрола и индикација, вклучувајќи и контролни и безбедносни вентили;	
Контролори на кабинскиот притисок.	3
13.11.4. *Уреди за безбедност и предупредување*	
Уреди за безбедност и предупредување.	
13.12 *Заштита од пожар (ATA 26)*	
(а)	3
Откривање на пожар и чад и системи за предупредување;	
Системи за гаснење на пожар;	
Тестирање на системите;	
(б)	
Преносliв апарат за гаснење на пожар.	1
13.13 *Системи за гориво (ATA 28)*	
Распоред на системот;	1
Резервоари за гориво;	1
Системи за снабдување;	1
Испуштање на гориво во воздух, вентилирање, цедење на горивото (дренажа);	1
Вкрстено напојување со гориво од резервоари пренос на гориво;	2
Индикација и предупредување;	3
Дополнување со гориво и празнење;	2
Лонгитудинални системи за балансирање на гориво.	3
13.14 *Хидраулична енергија (ATA 29)*	
Распоред на системот;	1
Хидраулични течности;	1
Хидраулични резервоари и хидро акумулатори;	1
Извори на притисок: електричен, механички, пневматски;	3
Извори на притисок во случај на нужда;	3
Филтри;	1
Контрола на притисокот;	3
Распределба на енергија;	1
Индикација и системи за предупредување;	3
Поврзаност со други системи.	3
13.15 *Заштита од мраз и дожд (ATA 30)*	

Формирање на мраз, видови на мраз и откривање на мраз; Системи против замрзнување: електрични, со врел воздух, хемиски; Системи за одмрзнување: електрични, со врел воздух, пневматски, хемиски; Заштитно средство против дожд и отстранување на дождот; Греење на питот цевки; Системи на бришачи.	2 2 3 1 3 1
13.16 *Стоен трап (ATA 32)* Конструкција и ублажување на удар; Системи за извлекување и вовлекување: при нормални и вонредни околности; Индикација и предупредување; Тркала, кочници, систем против блокирање и автоматско кочење; Гуми; Управување; Систем за сигнализација земја-воздух.	 1 3 3 3 1 3 3
13.17 *Кислород (ATA 35)* Распоред на системот; пилотска кабина, кабина; Извори, складирање (резервоари), полнење, дистрибуција; Регулација на доводот; Индикации и предупредувања.	 3 3 3 3
13.18 *Пневматика/вакуум (ATA 36)* Распоред на системот; Извори: мотор/APU (помошен извор на енергија),компресори, резервоари, уреди на земја; Контрола на притисокот; Дистрибуирање; Индикација и предупредување; Врска со останатите системи.	 2 2 3 1 3 3
13.19 *Вода и отпад (ATA 38)* Распоред на системот за вода, снабдување, дистрибуција, сервисирање и одвод; Распоред на тоалет системот, испуштање на вода и сервисирање;	2
13.20 Интегрирана модуларна воздухопловна електроника (ATA 42) Основен систем;	3

Мрежни составни делови. *Забелешка: Функциите кои можат да бидат типично интегрирани во модулите на Интегрираната модуларна воздухопловна електроника (IMA- Integrated Modular Avionic), се меѓу другото:* — *управување на системите за одведување на воздух;* — *контрола на воздушниот притисок;* — *вентилација и контрола,* — *воздухопловна електроника и контрола на проветрувањето во пилотската кабина контрола на температурата;* — *комуникација на воздушниот сообраќај;* — *комуникациски рутер на воздухопловната електроника (ACR);* — *управување на електричниот товар;* — *следење на прекинувачот на синџирот;* — *електричен системи - вградена опрема за тестирање (BITE);* — *управување на горивото;* — *механизам за контрола на сопирањето;* — *контрола на управувачот;* — *спуштање и повлекување на опремата за слетување;* — *индикација на притисокот во гумите;* — *индикација за притисок на масло;* — *следење на температурата на сопирачките.*	
13.21 *Кабински системи (ATA 44)* Уреди и составни делови кои обезбедуваат средства за забава на патниците и обезбедуваат комуникација во рамки на воздухопловот (CIDS- Cabin Intercommunication Data System) и помеѓу кабината на авионот и земјени станици (Cabin Network Service (CNS)). Вклучуваат пренос на глас, податоци, музика и видео. Системот за размена на податоци и комуникација во кабината обезбедува врска помеѓу пилотската кабина, кабинскиот персонал и кабинските системи. Овие системи поддржуваат размена на податоци на различните поврзани моментално заменливи единици (LRU) и обично со нив се управува преку командни панели на персоналот на лет (Flight Attendant Panels (FAPs)). Кабинската мрежна услуга (CNS) обично се состои од сервер кој комуницира, меѓу другото, со следниве системи: — комуникација на податоци/радио сигнали; — основен кабински систем(CCS); — систем за забава за време на летот (IFES); — систем за надворешна комуникација(ECS); — систем за количество на меморија на кабината (CMMS); — систем за следење на кабината(MCSs); CNS може да поддржува функции како: — пристап до извештаи пред полетување и за време на полетување; — електронска пошта/ Интранет / Интернет пристап; — база на податоци на патниците.	3

13.22	*Информатички системи (ATA 46)* Уреди и составни делови кои обезбедуваат средства за чување, ажурирање и пронаоѓање на дигитални информации, традиционално обезбедувани на хартија, микрофилм или микрофиш. Тие вклучуваат уреди наменети за чување и прибирање на информации како што се количинско складирање во електронска библиотека и контролор, но тие не вклучуваат уреди или составни делови инсталирани за други цели и кои се поделени со други системи, како на пример принтер во пилотската кабина или дисплеј за општа употреба. Типични примери вклучуваат: — Системи за управување на воздушниот сообраќај и системи за управување со информации и мрежни серверски системи; — Општ информациски систем на воздухопловот; — Информациски систем во пилотската кабина; — Информациски систем за одржување; — Информациски систем во патничката кабина; — Други кабински системи.	3

(21) Додаток II се заменува со следното:

(а) насловот се заменува со следното:

Додаток II

Стандард за основни испити

(освен за категорија дозвола L)

(б) во точките од 2.2.1 до 2.2.14 зборовите `Категорија B2` се заменува со зборовите `Категорија B2 и B2L`;

(в) точките 2.2.13 и 2.2.14 се заменуваат со следното:

`2.13 МОДУЛ 13 — АЕРОДИНАМИКА, КОНСТРУКЦИЈА И СИСТЕМИ НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Категорија B2: 180 прашања со повеќекратен избор и 0 описни прашања. Дозволено време: 225 минути. Прашањата и дозволеното време можат да бидат поделени во две испитни сесии, доколку е соодветно.

Овластување за систем	Број на одговори со повеќе избор	Дозволено време (минути)
Основни услови (Подмодули 13.1, 13.2, 13.5 и 13.9)	28	35
COM/NAV (Подмодул 13.4(a))	24	30
ИНСТРУМЕНТИ	20	25

(Подмодул 13.8)		
АВТОМАТСКО ЛЕТАЊЕ (Подмодули 13.3(а) и 13.7)	28	35
НАДЗОР (Подмодул 13.4(б))	8	10
СИСТЕМИ ЗА КОНСТРУКЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВ (Подмодули 13.11 и 13.18)	32	40

2.14. МОДУЛ 14 — ПОГОН

Категорија B2 и B2L: 24 прашања со повеќекратен избор и 0 описни прашања. Дозволено време: 30 минути.

ЗАБЕЛЕШКА: Испитот B2L за модул 14 се применува само за овластувања по `Инструменти` и `Системи за конструкција на воздухоплов `.;

(22) Додаток III се менува и дополнува како што следи:

(а) во точката 1(а), точката (ii) се заменува со следното:

`(ii) Се усогласуваат, освен како што е дозволено со разликите на обуките дадени во точка (в), со стандардот опишан во точка 3.1 од овој додаток и, доколку е на располагање, со релевантните елементи дефинирани во задолжителниот дел на податоците за оперативната соодветност, утврдени во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012.`;

(б) во точката 1(б), точката (ii) се заменува со следното:

`(ii) Се усогласуваат, освен како што е дозволено со разликите на обуките дадени во точка (в), со стандардот опишан во точка 3.2 од овој додаток и, доколку е на располагање, со релевантните елементи дефинирани во задолжителниот дел на податоците за оперативната соодветност, утврдени во согласност со Регулатива (ЕУ) бр. 748/2012.`;

(в) во точката 3.1(в), фуснотите кои се однесуваат на табелата се заменуваат со следното:

`(1) За авиони со клипен мотор без притисок во кабината со максимална маса на полетување (MTOM) до 2 000 кг и помалку, кои не се херметички затворени, минималното времетраење може да биде намалено за 50%.

(2) За хеликоптери во Група 2 (опишани во точка 66.A.42), минималното времетраење може да биде намалено за 30%.`;

(г) во точката 3.1.(д), нивото на обука за системи за конструкција на воздухоплов 21A `Систем за снабдување со воздух`, кое соодветствува со колоната `Хеликоптери со турбински мотори`, се заменува со следново:

`3	1` ;

(д) во точката 3.1.(д), нивото на обука за системи за конструкција на воздухоплов 31А `Инструментални системи `, кое соодветствува со колоната `Хеликоптери со клипни мотори`, се заменува со следново:

`3	1` ;

(23) Додатокот IV се заменува со следното:

Додаток IV

Услови за искуство при продолжување на дозвола за одржување на воздухоплов од Дел 66

Во табелата подолу се наведени условите за искуство за додавање на нова категорија или поткатегорија во постоечката дозвола од Дел-66.

Искуството треба да се состои од практично искуство за одржување на оперативен воздухоплов од поткатегоријата на која се однесува барањето.

Условот за искуство се намалува за 50%, доколку кандидатот завршил одобрен курс од Дел-147, кој соодветствува на поткатегоријата.

За: Од:	A1	A2	A3	A4	B1.1	B1.2	B1.3	B1.4	B2	B2L	B3
1	—	6 месеци	6 месеци	6 месеци	2 години	6 месеци	2 години	1 година	2 години	1 година	6 месеци
2	6 месеци	—	6 месеци	6 месеци	2 години	6 месеци	2 години	1 година	2 години	1 година	6 месеци
A3	6 месеци	6 месеци	—	6 месеци	2 години	1 година	2 години	6 месеци	2 години	1 година	1 година
A4	6 месеци	6 месеци	6 месеци	—	2 години	1 година	2 години	6 месеци	2 години	1 година	1 година
B1.1	Нема	6 месеци	6 месеци	6 месеци	—	6 месеци	6 месеци	6 месеци	1 година	1 година	6 месеци
B1.2	6 месеци	нема	6 месеци	6 месеци	2 години	—	2 години	6 месеци	2 години	1 година	Нема
B1.3	6 месеци	6 месеци	Нема	6 месеци	6 месеци	6 месеци	—	6 месеци	1 година	1 година	6 месеци

B1.4	6 месеци	6 месеци	6 месеци	нема	2 години	6 месеци	2 години	—	2 години	1 година	6 месеци
B2	6 месеци	6 месеци	6 месеци	6 месеци	1 година	1 година	1 година	1 година	—	—	1 година
B2L	6 месеци	6 месеци	6 месеци	6 месеци	1 година	1 година	1 година	1 година	1 година	—	1 година
B3	6 месеци	нема	6 Месеци	6 месеци	2 години	6 месеци	2 години	1 година	2 години	1 година	—`;

(24) Додатокот V се заменува со следното:

„Додаток V

Образец за поднесување барање — Образец 19 на EASA

1. Овој Додаток содржи пример на образец кој се применува за барање за дозвола за одржување на воздухоплови наведени во Анекс III (Дел-66).

2. Надлежниот орган од земјата-членка може да го измени Образецот 19 на EASA, за да се вклучат дополнителни информации кои се потребни како поддршка во случај кога со националните услови се дозволува или бара дозволата за одржување на воздухоплов издадена во согласност со Анекс III (Дел-66) да се користи надвор од барањата на Анекс I (Дел-M) и Анекс II (Дел-145).

БАРАЊЕ ЗА ПРВИЧНО ИЗДАВАЊЕ/ИЗМЕНА/ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВ ОД ДЕЛ - 66 (AML)	**ОБРАЗЕЦ 19 НА EASA**
ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БАРАЊЕТО:	
Име:	
Адреса:	
Тел: ..... Електронска пошта	
Националност:	Датум и место на раѓање:
ДЕТАЛИ ДЕЛ-66 AML (доколку е применливо)	
Бр. на дозвола:	Датум на издавање:
ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТОДАВАЧОТ:	

Име:							
Адреса:							
....							
Број на одобрението на организацијата за одржување:							
Тел	Факс						
БАРАЊЕ ЗА: (обележете ги соодветните квадратчиња)							
Почетна AML □	Измена на AML □		Обновување на AML □				
(Под) категорија	**A**	**B1**	**B2**	**B2L**	**B3**	**C**	**L (види подолу)**
Авиони со турбински мотори	□	□					
Авиони со клипни мотори	□	□					
Хеликоптери со турбински мотори	□	□					
Хеликоптери со клипни мотори	□	□					
Воздухопловна електроника			□	□			
Авиони со клипни мотори со MTOM под 2 t и помалку кои не се херметички затворени	□	□ Види ги системските овластувања подолу					
Сложен воздухоплов со моторен погон	□						
Воздухоплов различен од сложен воздухоплов на моторен погон	□						
Овластување за систем за дозвола B2L:							
1. автоматско летање	□						
2. инструменти	□						
3. com/nav	□						
4. надзор	□						
5. воздухопловни системи	□						
Подкатегории за дозвола L	□						
L1C: композитни едрилици	□						
L1: едрилици	□						
L2C: композитни едрилици на моторен погон и композитни ELA1 авиони	□						
L2: едрилици на моторен погон и ELA1 авиони	□						
L3H: балони со топол воздух	□						
L3G: балони на гас,	□						
L4H: воздушни бродови на топол воздух	□						
L4G: воздушни бродови ELA2 на гас,	□						
L5: воздушни бродови на гас кои не се ELA2	□						
Придружно овластување за тип/Придружно овластување за категорија/Отстранување на ограничување (доколку е применливо):							

Сакам да се пријавам за првично издавање/измена/обновување на AML согласно Дел-66, како што е наведено и потврдувам дека при поднесувањето на барањето информациите содржани во овој образец се точни.
Со ова потврдувам дека:
1. Не поседувам никаква AML согласно Дел-66 издадена во друга земја-членка,
2. Немам поднесено барање за ниту една AML согласно Дел-66 во друга земја-членка и
3. Никогаш не сум поседувал AML согласно Дел-66 издадена во друга земја-членка која била повлечена или суспендирана во ниту една друга земја-членка.
Исто така, разбирам дека секоја неточна информација може да ме дисквалификува од поседување на AML согласно Дел-66.
Потпис: ..... Име: .....
Датум:.....
Молам да ми се признаат следните кредити (ако е применливо): …… …… …… …… …… …… Кредити од искуствоврз основа на обукисогласно Дел-147 …… …… …… …… …… …… Кредити од испити врз основа на уверенија за еквиваленти испити …… …… …… …… …… …… Ги приложувам соодветните уверенија
Препорака (ако е применливо): Со ова се потврдува дека кандидатот ги исполнил соодветните услови за знаење и искуство во одржување од Дел-66 и се препорачува надлежниот орган да издаде или одобри AML согласно Дел-66.

Потпис:	Име:
Позиција:	Датум: …… …….

Образец 19 на EASA Издание 5`;

(25) Додатокот VI се менува и дополнува како што следи:

(а) насловот се заменува со следното:

„*Додаток VI* - Дозвола за одржување на воздухоплови наведена во Анекс III (Дел–66) – Образец 26 на EASA“

(б) на почетокот од Додаток VI и пред постоечкиот образец 26 на EASA, се додава следниов текст:

“1. На следните страници е даден пример на дозволата за одржување на воздухоплов наведен во Анекс III (Дел-66).

2. Документот е отпечатен на прикажаниот стандардизиран образец, но неговата големина може да се намали со цел да се му се овозможи да биде обработен преку компјутер. При намалувањето на големината треба да се внимава да се обезбеди доволно место онаму каде што треба да се стават службени печати или марки. Документите кои се изработени на компјутер не треба да ги содржат сите полиња, кога некое такво поле ќе остане празно доколку може јасно да се препознае дека документот е дозвола за одржување на воздухоплов издадена во согласност со Анекс III (Дел-66).

3. Документот може да се пополни или на англиски јазик или на службениот јазик на земја-членка од надлежниот орган. Во вториот случај во прилог се дава втора копија на англиски јазик за секој имател на дозвола кој работи надвор од таа земја-членка, за да се обезбеди разбирање за целите на взаемното признавање.

4. Секој имател на дозвола има единствен број на носител на дозвола воспоставена врз основа на буквено-цифрена ознака, согласно националниот идентификатор.

5. Редоследот на страниците на документот може да биде различен од оној кој е даден во примерот и не треба да има неколку или ниту една разделна линија, доколку содржаните податоци се внесени на таков начин што од секој изглед на страницата може да се препознае форматот на примерот на дозвола за одржување на воздухоплов.

6. Документот може да биде подготвен од надлежниот орган. Меѓутоа тој исто така може да биде подготвен од одобрена организација за одржување во согласност со Анекс II (Дел-145), каде надлежниот орган се согласил на тоа и подготовките течат во согласност со постапката дадена во прирачникот

на организацијата за одржување наведена во точка 145.A.70 од Анекс II (Part-145). Во сите случаи документот го издава надлежниот орган.

7. Подготовката за секоја измена на постоечка дозвола за одржување на воздухоплов може да ја подготви надлежниот орган на земјата-членка. Меѓутоа може да биде подготвена од која било организација за одржување одобрена во согласност со Анекс II (Дел-145), доколку надлежниот орган се согласува со ова и е предмет на постапка развиена како дел од прирачникот на организацијата за одржување од точка 145.A.70 од Анекс II (Дел-145). Во сите случаи документот го издава надлежниот орган на земјата-членка.

8. Имателот на дозвола за одржување на воздухоплови ја чува дозволата во добра состојба и се осигурува дека во неа не се направени неовластени записи. Неисполнување на ова правило може да ја направи дозволата неважечка или може да резултира во тоа на имателот да му биде забрането да поседува било какви привилегии од овластувањата. Исто така, може да резултира во кривично гонење во согласност со националното законодавство.

9. Дозволата за одржување на воздухоплови издадена во согласност со Анекс III (Дел 66) се признава во сите земји-членки и не се бара да се замени документот кога се работи во друга земја-членка.

10. Анексот кон Образецот 26 на EASA е изборен и може да се користи само за да се внесат националните права кога тие права биле опфатени со националниот закон надвор од опсегот на Анекс III (Дел-66).

11. Во врска со страната за овластување за тип на воздухоплов од дозволата за одржување, надлежниот орган може да одлучи да не ја издава оваа страна за тип на воздухоплов, сè додека не се јави потреба да се внесе првото овластување за тип на воздухоплов и може да треба да издаде повеќе од една страна за овластување за тип на воздухоплов зависно од бројот на типови на овластувања кои треба да се набројат.

12. По исклучок на точката 11, секоја издадена страна ќе биде со формат од овој пример и ќе ги содржи наведените информации за таа страна.

13. Дозволата за одржување на воздухоплови треба да биде јасно да прикажува дека ограничувањата се исклучоци од правата за издавање на уверенија. Доколку нема важечки ограничувања, страната со ОГРАНИЧУВАЊА ќе се издаде со наведување на „Нема ограничувања".

14. Тогаш кога се користи однапред отпечатен формат за издавање на дозволата за одржување на воздухоплови, се става ознака во секое поле за категорија, поткатегорија или квалификација за тип за кои не се внесени податоци за квалификацијата, за да се покаже дека нема квалификација.";

(в) Образец 26 се заменува со следниот

"I. **ЕВРОПСКА УНИЈА (*)**		IVa	Целосно име на имателот:

[ЗЕМЈА] **[ИМЕ И ЛОГО НА НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН]** **II.** **Дел -66** **ДОЗВОЛА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ВОЗДУХОПЛОВ** **III.** **Бр. на дозвола [КОД НА ЗЕМЈАТА-ЧЛЕНКА].66.[XXXX]**			
		IVb	Датум и место на раѓање:
		V.	Адреса на имателот:
		VI.	Државјанство на имателот:
		VII.	Потпис на имателот:
		III. Бр. на дозвола:	
ОБРАЗЕЦ 26 НА EASA Издание 5			
VII. УСЛОВИ: Оваа дозвола се потпишува од страна на имателот и во прилог треба да содржи документ за идентификација, кој содржи фотографија на имателот на дозволата. Одобрението на сите категории само на страната(ите) насловени ПОТ(КАТЕГОРИИ) согласно Дел 66, не му дозволува на имателот да издаде уверение за пуштање во промет на воздухоплов. Кога оваа дозвола содржи овластување за тип на воздухоплов,		IX. Дел-66 КАТЕГОРИИ	

таа ја исполнува целта на Анекс 1 на ICAO. Правата на имателот на оваа дозвола се пропишани со Регулатива (ЕУ) бр. 1321/2014, а особено со Анекс III (Дел-66), од истата. Оваа дозвола важи сè до датумот наведен на страната за ограничување, освен ако претходно не се суспендира или повлече. Правата од оваа дозвола не можат да се користат, освен ако во текот на претходните две години имателот имал шестмесечно искуство во одржување во согласност со правата дадени со дозволата, или пак ја исполнил одредбата за давање на соодветните права.									
		ВАЖНОСТ:	A	B1	B 2	B2 L	B3	L	**C**
		Авиони со турбински мотори			н/п		н/п	н/п	н/п
		Авиони со клипни мотори			н/п		н/п	н/п	н/п
		Хеликоптери со турбински мотори			н/п		н/п	н/п	н/п
		Хеликоптери со клипни мотори			н/п		н/п	н/п	н/п
		Воздухопловна електроника	н/п	н/п			н/п	н/п	н/п
		Сложен воздухоплов со моторен погон	н/п	н/п	н/п		н/п	н/п	
		Воздухоплов различен од сложен воздухоплов на моторен погон	н/п	н/п	н/п		н/п		н/п

		Едрилици, едрилици на моторен погон, авиони ELA1, балони и воздушни бродови	н/п	н/п	н/п	н/п		н/п
		Авиони со клипни мотори со МТОМ под 2000 кг и помалку кои не се херметички затворени	н/п	н/п	н/п		н/п	н/п
		X. Потпис на службеното лице кое ја издава дозволата и датум: XI. Печат на надлежниот орган кој ја издава дозволата:						
III. Бр. на дозвола:		III. Бр. на лиценца:						

XII. ОВЛАСТУВАЊА ЗА ТИП НА ВОЗДУХОПЛОВИ СОГЛАСНО ДЕЛ 66				XII. ОГРАНИЧУВАЊА СОГЛАСНО ДЕЛ – 66
Овластување за тип на воздухоплов /овластувања за системи	Категорија/ подкатегорија	Печат и датум		
				Со важност до:
III. Бр. на дозвола:				III. Бр. на лиценца:
Анекс кон ОБРАЗЕЦ 26 НА *EASA* *XIV. НАЦИОНАЛНИТЕ ПРАВА надвор од обемот на Дел–66 во согласност со [националните прописи] (Важи само во [земја-членка])*				НАМЕРНО ОСТАВЕНО ПРАЗНО

Службен печат и датум		
III. Бр. на дозвола:		

Образец 26 на EASA издание 5`;

(26) Следниве Додатоци VII и VIII се додаваат:

`*Додаток VII*

Услови за основно познавање за дозвола за одржување на воздухоплови од Категорија L

Дефинициите за различните нивоа на познавање кои се бараат во овој Додаток се истите оние кои се содржани во точка 1 од Додаток I кон Анекс III (Дел-66).

Подкатегории	Модули кои се бараат од секоја подкатегорија (во однос на табелата со наставна програма дадена подолу)
L1C: композитни едрилици	1L, 2L, 3L, 5L, 7L и 12L
L1: едрилици	1L, 2L, 3L, 4L, 5L, 6L, 7L и 12L
L2C: композитни едрилици на моторен погон и композитни ELA1 авиони	1L, 2L, 3L, 5L, 7L, 8L и 12L
L2: едрилици на моторен погон и ELA1 авиони	1L, 2L, 3L, 4L, 5L, 6L, 7L, 8L и 12L
L3H: балони на топол воздух	1L, 2L, 3L, 9L и 12L
L3G: балони на гас	1L, 2L, 3L, 10L и 12L
L4H: воздушни бродови на топол воздух	1L, 2L, 3L, 8L, 9L, 11L и 12L
L4G: воздушни бродови ELA2 на гас	1L, 2L, 3L, 8L,10L, 11L и 12L
L5: воздушни бродови на гас кои не се ELA2	Услови за основно познавање за било која категорија за B1 плус 8L (за B1.1 и B1.3) 10L, 11L и 12L
СОДРЖИНА	
Ознака за модул	
1L	“Основно познавање”
2L	“Човечки Фактори”
3L	“Воздухопловно законодавство”
4L	“Дрвени/метални цевки и текстил за конструкција на воздухоплов “
5L	“Структури за конструкција на воздухоплов”

6L	“Метал за конструкција на воздухоплов”
7L	“Општо за конструкции на воздухоплов”
8L	“Погонска група”
9L	“Балон/воздушен брод на топол воздух”
10L	“Балон/Воздушен брод на гас (слободни/врзани)”
11L	“Воздушни бродови на воздух/гас”
12L	“Радио Com/ELT/Транспондер/Инструменти”

МОДУЛ 1L – ОСНОВНО ПОЗНАВАЊЕ

	Ниво
1L.1 Математика Аритметика — аритметички термини и знаци; — методи на множење и делење; — дропки и децимални броеви; — фактори и множители; — маси, фактори на мерење и конверзија; — размер и пропорција; — просек и проценти; — површини и волумени, четириаголник, коцка. Алгебра — пресметување на прости алгебарски изрази, собирање, одземање, множење и делење; — употреба на загради; — прости алгебарски дропки. Геометрија — прости геометриски конструкции — графичко претставување; вид и употреба на графици.	1
1L.2 Физика Материја — природа на материјата: хемиски елементи; — хемиски соединенија; — состојби: цврста, течна и гасовита; — промени на состојбите. Механика — сили, моменти и парови, претставување со вектори; — центар на гравитација; — затегнатост (тензија), компресија, лизгање и торзија; — природа и својства на цврстата, течната и гасовитата материја; Температура — термометри и температурни скали: Целзиус, Фаренхајт и Келвин; — дефиниција за топлина.	1
1L.3 Електорника DC Струјни кола	1

— Омов закон, Киркофови закони за напон и струја; — значење на внатрешниот отпор за снабдувањето; — отпор/отпорник; — начини на идентификација на деловите со помош на различни комбинации на бои, вредности и дозволени толеранции, приоритетни вредности, максимална вредност на моќност; — отпорници во сериска и паралелна врска.	
1L.4 Аеродинамика/Аеростатика Меѓународна стандардна атмосфера (ISA), примена во аеродинамиката. Аеродинамика — воздушно струење околу едно тело; — граничен слој, лиминарно и турбулентно струење; — притисок, тежина, аеродинамична резултанта; — создавање на сила за подигање и преден отпор: агол на напад, поларна крива, губење на брзината. Аеростатика Влијание врз кривите линии, влијание на ветрот, влијанија од надморска висина и температура.	1
1L.5 Здравје и безбедност — безбедни работни практики и мерки на претпазливост при работење со електрична енергија, гасови (особено кислород), масла и хемикалии; — етикетирање, складирање и отстранување на опасни (безбедносни и еколошки) материјали; — корективни мерки во случај на пожар или други несреќи со една или повеќе опасности, вклучително и познавање на противпожарни апарати.	2
МОДУЛ 2L – ЧОВЕЧКИ ФАКТОР	
	Ниво
2L.1 Општо — Потребата да се земат предвид човечки фактори; — Инциденти кои се случиле поради човечки фактор/човечка грешка; — „Марфиев“ закон.	1
2L.2 Човечки карактеристики и ограничувања Вид, слух, обработка на информации, внимание и перцепција, меморија.	1
2L.3 Социјална психологија00 Одговорност, мотивација, еднаков притисок, тимска работа.	1
2L.4 Фактори кои влијаат на изведбата Физичка способност/здравје, стрес, спиење, умор, алкохол, лекови, употреба на дрога.	1
2L.5 Физичка средина Работна средина (клима, бучава, осветлување).	1
МОДУЛ 3L - ВОЗДУХОПЛОВНО ЗАКОНОДАВСТВО	
	Ниво

3L.1 Регулаторна рамка — улогата на Европската комисија, EASA и Националните воздухопловни власти (NAA); — применливи делови од Дел – М и Дел – 66.	1
3L.2 Поправки и модификации — одобрување на промените (поправки и модификации); — стандардни промени и стандардни поправки.	2
3L.3 Податоци за одржување — директиви за пловидбеност (AD), Инструкции за постојана пловидбеност (ICA) (AMM, IPC, итн.) — прирачник за лет; — записи за одржување.	2
МОДУЛ 4L - ДРВЕНИ/МЕТАЛНИ ЦЕВКИ И ТЕКСТИЛ ЗА КОНСТРУКЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВ	
	Ниво
4L.1 (Дрвена конструкција на воздухоплов/комбинација од метални цевки и ткаенини — дрво, шпер плоча, лепила, заштита,електрични инсталации, својства, машинска обработка; — обложување (материјали за обложување, лепила и средства за завршна обработка, природни и синтетички материјали за обложување и лепила); — процедури за боење, склопување и поправка; — препознавање на оштетување од преголемо преоптеретување на дрвена/метална цевка и структурана ткаенини; — пропаѓање на дрвени составни делови и облоги, — тестирање на пукнатини (со оптички метод, на пр. Лупа) на метални составни делови. Корозија и методи за превенција. Безбедност при работа и заштита од пожари.	2
4L.2 Материјали — видови на дрво, стабилност и својства за обработка; — цевки од челик, цевки од лесни легури и елементи за составување,контрола на пукнатини на заварените споеви; — пластика (инспекција, разбирање на својства); — бои, отстранување на бојата; — лепила; — материјали за обложување и технологии (природни и синтетички полимери).	2
4L.3 Идентификување на опасност — преоптоварување на дрвени структури/структури со метални цевки и ткаенина; — пренесување на оптеретување; — тестови за динамичка јачина и пукање на материјали.	3
4L.4 Вршење практични активности — осигурување на клинови, завртки, навртки со круни, затегнувачи;	2

— поврзување на јажиња со помош на метални тркалца; — поправки со употреба на Nicopress и Talurite; — поправка на облоги; — поправка на прозирни површини; — вежби за поправка (шпер плоча, надолжници, рачки, обвивка), — подесување на воздухопловот. Пресметка на баланс на масата накомандните површини и опсегот на движење на командните површини, мерење на работна сила; — извршување 100-часовни/годишни инспекции на конструкција за воздухоплов од дрво или комбинацијата од метални цевки и платно.	
МОДУЛ 5L – КОМПОЗИТ ЗА КОНСТРУКЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВ	
	Ниво
5L.1 Конструкција од пластика зајакната со влакна (FRP) — основни принципи на конструкција FRP; — смоли (епоксидни, полиестерски, фенолни смоли, смола од винил естер); — материјали за зајакнување: стаклени, арамидни и јаглеродни влакна и нивни својства; — пополнувачи; — потпорни јадра (балса, саќе, пластика од пена); — конструкции, пренос на оптеретување (цврста структура на FRP, структури на сендвич); — откривање на штета при преоптоварување на составните делови; — постапка за проекти поврзани со FRP (во согласност со прирачникот за организација за одржување), вклучувајќи ги и услови за складирање на материјалите.	2
5L.2 Материјали — термостабилна пластика, термопластични полимери, катализатори; — разбирање на својства, технологија за обработка, одвојување, врзување, заварување, — FRP смоли: епоксидни смоли, полиестерски смоли, смола од винил естер, фенолни смоли; — зацврстувачки материјали; — од основни влакна до филаментарни влакна (лепила, средства за завршна обработка), методи на ткаење; — карактеристики на индивидуални материјали за зајакнување (Е-стаклени влакна, арамидни влакна, јаглеродни влакна); — проблеми со системи од повеќе видови на различни материјали, матрици; — адхезија/кохезија, различно однесување на влакнести материјали; — материјали за полнење и пигменти; — технички барања за материјали за полнење; — промена на својствата на составот на смола со употреба	2

на E-стакло, микробалони, аеросоли, памук, минерали, метален прав, органски супстанции; — технологии за боење, склопување и поправка; — помошни материјали; — саќе (хартија, FRP, метал), балзам, Divinycell(Contizell), развојни трендови.	
5L.3 Склопување на конструкција од композитни материјали зајакнати со влакна (FRP) — цврста структура; — структури на сендвич; — ссклопување на аеропрофилите, трупот, командните површини	2
5L.4 Откривање на оштетување — однесување на составните делови од FRP во случај на преголемо преоптеретување; — откривање на деламинација и слаби споеви; — фреквенции на вибрации на свиткување на аеропрофили; — пренесување на оптоварување; — споеви на триење и безбедносно заклучување; — динамичка цврстина и корозија на метални делови; — сврзување на метал, површинска обработка на челични и алуминиумски составни делови кога се споени со FRP.	3
5L.5 Производство на калапи — гипсени и керамички калапи; — GFK мувла, гел-облога, материјали за засилување, проблеми со крутост; — метални калапи; — машки и женски калапи.	2
5L.6 Вршење практични активности — осигурување клинови, завртки, навртки со круни, затегнувачи; — поврзување на јажиња со помош на метални (навртка)тркалца; — поправки со употреба на Nicopress и Talurite; — поправка на облоги; — поправка на цврсти структури на FRP; — изработка/леење на калапи (на пр. Преден трап, аеродинамички облоги, завршеток на крило и вертикален врв на крило); — поправка на сендвич структурата во случај на оштетување на внатрешниот и надворешниот слој; — поправка на сендвич структурата со вакумирање на вреќи; — поправка на прозирни површини (PMMA) со употреба на еднокомпонентно и двокомпонентно лепило; — лепење на транспарентни површини со рамка во вид на купола; — зацврстување на транспарентни површини и други составни делови; — поправка на сендвич структура (мала поправка, помала од	2

20 см); — одесување на воздухоплов. Пресметка на баланс на масата на командните површини и опсегот на движење на командните површини, мерење на работна сила; — извршување 100-часовни/годишни инспекции на воздушната конструкција од дрво или комбинацијата од метални цевки и платно (FRP**).**	
МОДУЛ 6L - МЕТАЛНА КОНСТРУКЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВ	
	Ниво
6L.1 Метална конструкција на воздухоплов — метални материјали и полу-готови производи, методи на машинска обработка; — тестови за динамичка јачина и пукање на материјали; —)спојување на компоненти од метална структура, спојување со заковки, залепени спојки; — откривање на оштетување на преотоварени делови, ефекти од корозија; — безбедност и заштита при работа со пожар.	2
6L.2 Материјали — челик и неговите легури; — лесни метали и нивни лесни легури; — материјали за заковки; — пластика; — бои; — лепила за метал; — видови на корозија; — материјали за обложување и технологии (природни и синтетички).	2
6L.3 Откривање на оштетување — престегнати метални конструкции на воздухоплов, израмнување, мерење на симетрија; — пренесување на оптеретување; — тестови за динамичка јачина и пукање на материјали; — откривање на слаби споеви кај заковки.	3
6L.4 Склопување на метални и композитни структури за конструкција на воздухоплов — обвивка; — рамки; — надолжници и рамењача; — конструкција на рамки; — проблеми со системи од неколку видови на различни материјали.	2
6L.5 Прицврстувачи — класификација на налегнувањето и зјајот; — метрички и англосаксонски мерни системи;	2

— Преголема завртка.	
6L.6 Вршење практични активности — осигурување на клинови, завртки, навртки со круни, затегнувачи; — поврзување на јажиња со помош на металнитркалца; — поправки со употреба на Nicopress и Talurite; — поправка на облоги; — поправка на прозирни површини; — сечење на метални плочи (алуминиум и лесни легури, челик и неговите легури); — преклопување, свиткување, кастрење, зацрвстување, пеглање, виткање; — поправка на закованите метални конструкции во согласност со упатства за поправка или нацртите; — проценка на грешки на заковување; — подесување на воздухопловот. Пресметка на баланс на масата на контролните површини и опсегот на движење на контролните површини, мерење на работна сила; — извршување 100-часовни/годишни инспекции на воздушната конструкција од метал.	2
МОДУЛ 7L - ОПШТО ЗА КОНСТРУКЦИИ НА ВОЗДУХОПЛОВ	
	Ниво
7L.1 Систем за управување на лет — команди во кокпит: команди во пилотска кабина, ознаки во боја, форми на рачките; — командни површини, закрилца, површини за воздушни кочници , команди, шарки, лагери, носачи, крути преносни лостови на командите, рачки закомандување , макари, кабли, ланци, цевки, ваљаци, шини, кранови за завртки, површини, движења, подмачкување, стабилизатори, урамнотежување на команди; — комбинација на команди: закрилца - крилца, задкрилце-воздушни кочници; — системи за тример.	3
7L.2 Конструкција на воздухоплов — стоен трап: карактеристики на стоен трап и амортизација, извлекување, сопирачките, добош, дисковите, тркалото, гумата, механизам за вовлекување, електричното вовлекување, итни ситуации; — места за вградување на крила во трупот, места завградување на опашните површини на трупот, места завградување на површина; — дозволени мерки за одржување; — влечење: опрема / механизам за влечење/подигнување; — кабина: седишта и сигурносни појаси, распоред во кабината, предни стакла, прозорци, натписи, простор за багаж, команди во пилотската кабина, систем за вентилација на кокпит, вентилатор; — баласт вода: резервоари за вода, инсталација, вентили,	2

одводи, испустни отвори, проверки; — систем за снабдување со гориво: резервоари, инсталациа, филтри, отвори, испустни одводи, полнење, разводен вентил, пумпи, индикации, проверки, спојување; — хидраулика: распоред на системот, хидроакумулатори, распределба на притисок и моќност, индикација; — течности и гасови: хидраулични, други течности, нивоа, резервоар, инсталации, вентили, филтер; — мерки за заштита: против пожарни sидови, заштита од пожари, заштита од удар на гром, затегнувачи, сигурносни уреди, испразнувачи.	
7L.3 Прицврстувачи — сигурност на клин, заковки, завртки; — контролни јажиња, затегнувачи; — спојки за брзоодвојување (L'Hotellier, SZD, Полска).	2
7L.4 Опрема за осигурување — прифаќање на начини на обезбедување, клинови за обезбедување, челични игли во вид на наврткu, жици заосигурување,самоосигурувачки навртки, боја; — спојки за брзоодвојување	2
7L.5 Мерење и балансирање	2
7L.6 Системи за спасување	2
7L.7 Модули во воздухопловите — систем на пито-статика, вакуум/динамичен систем, хидростатички тестирање; — инструменти за лет: брзинометар, (висиномер, (покажувач на вертикалната брзина, поврзување и функционирање, ознаки; — распоред и приказ, панел, електрични инсталации; — Жироскопи, филтри, индикатори, тестирање на функција; — магнетен компас: вградување и компензација на компасот; — едрилици: акустичен вертикален индикатор за брзина, снимачи на податоци од лет, системи за избегнување на судир; — систем за кислород.	2
7L.8 Вградување и подесување на модулите во воздухопловите — инструменти за летање, услови за вградување (услови за принудно слетување како во CS-22); — електрични линии, извори на енергија, типови на батерии за складирање, електрични параметри, електричен генератор, прекинувач на коло, енергетски биланс, заземјување, конектори, терминали, предупредувања, осигурувачи, светла, светилки, прекинувачи, волтметар, (засилувач на) амперметар, електрични инструменти за мерење.	2
7L.9 Погон на авион со клипен мотор Врска помеѓу погонска група и конструкцијата на воздухоплов.	2
7L.10 Елиса — инспекција;	2

— замена; — балансирање.	
7L.11 Систем за вовлекување — контрола на позицијата на елисата; — систем на вовлекување на моторот и/или на елисата.	2
7L.12 Постапки за физичка инспекција — чистење, употреба на осветлување и огледала; — мерни инструменти; — мерење на наклонот на командите; — проверка на затегнатост на завртки и навртки; — трошење на лежишта; — инспекциска опрема; — калибрација на мерни инструменти.	2
МОДУЛ 8L - ПОГОНСКА ГРУПА	
8L.1 Граници на бучава — објаснување на поимот „ниво на бучава“; — сертификат за бучава; — подобрување на звучна изолација; — можно намалување на емисијата на бучава.	1
8L.2 Клипни мотори — четворотактен мотор со надворешно извор за палење, мотор ладен со воздух, мотор кој се лади со течност; — двотактен мотор; — мотор со ротирачки клип; — ефикасност и фактори кои влијаат врзефикасност (дијаграм ,волумен на- притисок, дијаграм на моќност); — уреди за регулација на бучава.	2
8L.3 Елиса — крак на елисата; капа на елисата, задната плоча, притисокот на акумулаторот, главчина на елисата; — работење на елисата; — елиси со променлив чекор, елиси кои можат механички, електрични и хидраулички да се прилагодат на земја и во лет; — балансирање (статички, динамички); — проблеми со бучава.	2
8L.4 Уреди за управување со моторот — механички управувачки уреди; — електрични управувачки уреди; — индикатори за нивото на горивото; — функции, карактеристики, вообичаени грешки и индикатори за грешка.	2
8L.5 Црева — материјали и машинска обработка на црева за гориво и масла; — контрола на векот на траење.	2
8L.6 Помошна опрема — работење со системи за магнетно палење; — контрола на рокови за одржување;	2

— ракување со карбуратор; — упатства за одржување на специјалните карактеристики; — електрични пумпи за гориво; — работа на контролите на пропелерот; — контрола врз пропелер која е електрично управувана; — контрола врз пропелер која е хидраулички управувана.	
8L.7 Систем за палење — конструкција: индуктивно палење, магнетно палење и тиристорско палење; — ефикасност на системите за палење и загревање; — модули на системи за палење и загревање; — инспекција и тестирање на свеќички.	2
8L.8 Индукции и издувни системи — ракување и монтажа; — инсталирање на придушувачи и грејачи; — гондоли и облоги на моторот; — инспекција и тестирање; — тест за емисија на CO.	2
8L.9 Системски горива и мазива — карактеристики на горивото; — етикетирање, складирање кое е погодно за животната средина; — минерални и синтетички масла за подмачкување и нивни параметри: етикетирање и карактеристики, примена; — складирање кое е погодно за животната средина и правилно отстранување на отпадните масла.	2
8L.10 Документација — документација на производителот за моторот и елисата; — прирачник за континуирана пловидбеност (ICA); — прирачници за летање (AFM), упатства за одржување на авионите (AMM); — време помеѓу ремонти(TBO); — директиви за пловидбеност (AD), технички белешки и сервисни билтени .	2
8L.11 Илустративни материјали — цилиндри со вентил; — карбуратор; — магнети со висок напон; — уред за мерење на диференцијален притисок во цилиндрите; — прегреани / оштетени клипови; — свеќици за мотор со кои се користени на несоодветен начин.	2
8L.12 Практично искуство — безбедност при работа/спречување несреќи (ракување со гориво и лубрикант, стартување на моторот); — прилагодување на рачките за контрола на моторот и Bowden каблите; — подесување на бројот на вртежи во празен од;	2

— подесување и проверка на точката на палење; — тест на магнет; — проверка на системот за палење; — тестирање и чистење на свеќичките; — извршување на задачи поврзани со моторот при 100-часовна / годишна инспекција на авионите; — проверка на компресијата на цилиндрите ; — статичко испитување и оценка за работата на моторот; — документација на работите за одржување, вклучително и замена на составните делови.	
8L.13 Размена на гасови кај моторите со внатрешно согорување — четворотактни клипни мотори и контролни единици; — загуби на енергија; — подесување на палењето; — однесување на единицата за директно управување со струја; — ванкелов мотор и контролни единици; — двотактен мотор и контролни единици; — продувување; — вентилатор за продувување; — (опсег на моќност на моторот при празен од и опсег на моќност.	2
8L.14 Стартување, согорување и расплинување — стартување; — свеќички; — систем за стартување; — процес на согорување; — нормално согорување; — ефикасност и среден притисок; — детонации во моторот и октански број; — форми на комората за согорување; — мешавина на гориво/воздух; — принцип на работа на карбураторот и балансирање на карбураторот; — едноставен карбуратор; — проблеми со едноставни карбураторот и нивни решенија; — модели на карбуратор; — мешавина на гориво/воздух при вбризгување; — механички регулирано вбризгување; — електронски контролирано вбризгување; — континуирано вбризгување; — споредба на карбуратори и системи за вбризгување.	2
8L.15 Инструменти за лет во воздухоплов со мотори за вбризгување на гориво — специјални инструменти за летање (мотор со вбризгување); — интерпретација на индикации за време на статичко	2

тестирање; — интерпретација на индикации за време на летот на различна (надморска) височина.	
8L.16 Одржување на воздухоплови со мотори со вбризгување на гориво — документација, документација на производителот итн.; — општи упатства за одржување (часовни инспекции); — функционални тестови; — тестирање на земја; — тестирање во лет; — откривање на дефекти во системот за вбризгување и нивна елиминација.	2
8L.17 Мерки за безбедност и здравје при работа Мерки за безбедност и здравје при работа со системи за вбризгување.	2
8L.18 Визуелни помагала: — карбуратор; — составни делови на системот за вбризгување; — воздухоплов со мотор со вбризгување; — алатка за работа со системот за вбризгување.	2
8L.19 Електричен погон — електричен систем, акумулатор, инсталација; — електричен мотор; — проверки на топлина, бучава и вибрации; — тестирање на конец; — електрични инсталации и контролни системи; — системи на носач, извлекување и влечење; — системи за сопирање на моторот /елисата; — системи за вентилација на моторот; — практично искуство во 100-часовни / годишни инспекции.	2
8L.20 Млазен погон — монтажа на моторот; — системи на носач, извлекување и вовлекување; — заштита од пожар; — системи за снабдување со гориво, вклучително и подмачкување; — системи за стартување на мотор со помош на гас; — проценка на оштетување на моторот; — сервисирање на моторот; — симнување,испитување и монтажа на моторот — практично искуство во непланирани/времетраење/годишни инспекции; — непланирани инспекции.	2
8L.21 Систем за дигитална контрола на работата на моторот (FADEC)	2
МОДУЛ 9L - БАЛОН/ВОЗДУШЕН БРОД НА ТОПОЛ ВОЗДУХ	
	Ниво
9L.1 Основни начела и склопување на балони / воздушни	3

бродови на топол воздух — составување и составни делови: — куполи; — материјали за куполите; — системи на куполите; — вообичаени и посебни форми; — систем за снабдување со гориво; — горилник, рамка за пламенот, помошни носачи на горилниците; — компресивни црева за гас и компресивни гасови; — корпи и алтернативи направи (седишта); — прибор за прилагодување; — задачи поврзани со одржување и поправка; — годишна / 100-часовни инспекции; — дневници (евиденција); — прирачници за лет на воздухоплов (AFM), Упатства за одржување на воздухопловите (AMM); — прилагодување и подготовка за полетување (привремено врзување за полетување); — полетување.	
9L2 Практично оспособување Работа со команди, одржување и работа за сервисирање (според упатството за летање).	3
9L3 Купола — ткаенини; — шевови; — носечки ленти за поддршка, држачи; — крунски обрачи; — вентил за спуштање и системи за брзо издувување; — потезен вентил за непосредно отворање на куполата; — вентил за свртување; — дијафрагми/спојници (специјални форми и воздушни плочи); — ролни, јажиња; — јажиња за управување и оптоварување; — чворови; — ознака за приказ на температура, температурно знаме, термометар со купола; — стеги; — окови и карабини.	3
9L.4 Систем за снабдување со гориво и горилник — калеми на горилникот; — издувни вентили, течности и помошни вентили; — горилници/млазници; — пилот светла/ испарувачи / млазници; — рамка на горилникот; — линии на гориво / црева; — шишиња за гориво, вентили и окови.	3
9L.5 Корпи и јажиња за носење корпи (вклучително и	3

алтернативни уреди) — видови корпи (вклучително и алтернативни уреди); — материјали за корпи: трска, врба, кожа, дрво, материјал за обложување, јажиња за товарење; — седишта, лагери; — карабинери, дигалки и столпчиња; — помошни потпирачи за гориво; — ремени на резервоарот за гориво; — помошна опрема.	
9L.6 Опрема — противпожарен апарат, ќебе за заштита од оган; — инструменти (единечни или комбинирани).	3
9L.7 Помали поправки — шиење; — спојување / врзување; — поправка на кожа / поправка на корпата.	3
9L.8 Постапки за физичка инспекција — чистење, употреба на осветлување и огледала; — инструменти за мерење; — мерење на отклон на командите (само за воздушни бродови); — проверка на моментот на затегнување на завртки и навртки; — трошење на лежишта (само за воздушни бродови); — опрема за инспекција; — калибрација на мерни инструменти; — испитување (на)со затегнување на ткаенината.	2
МОДУЛ 10L - БАЛОН/ВОЗДУШЕН БРОД НА ГАС (СЛОБОДНИ/ВРЗАНИ)	
	Ниво
10L.1 Основни начела и склопување на балони / воздушни бродови на гас — собирање и одделни делови: — куполи и материјали за плетење; — куполи, потезни вентили за моментално товарање на куполата, отвор во случај на нужда, јажиња и појаси; — крут плински вентил; — еластичен плински вентил (падобран) — мрежа; — носив обрач; — кошара и прибор (вклучувајќи и алтернативни уреди); — патеки на електростатички пренос; — јаже за поврзување и јаже за успорување; — одржување и сервисирање; — годишна инспекција; — документација за лет; — прирачници за лет на воздухоплов (AFM), Упатства за одржување на воздухопловите (AMM); — прилагодување и подготовка за полетување (привремено	3

врзување за полетување); — полетување.	
10L.2 Практично оспособување — работа со команди; — одржување и работа за сервисирање (според AMM и AFM); — безбедносни правила кога се користи хидроген како гас за подигнување.	3
10L.3 Купола — ткаенини; — стапови и појачување за стапови; — крунски обрачи и јадро; — потезен вентил за непосредно отворање на куполата и потезно јаже; — вентил за свртување; — јажиња на падобранот и носивост на јажињата; — отвор за полнење на Пошеловиот круг и јажиња — електростатски патеки за празнење.	3
10L.4 Вентил — пружини; — корпи; — завртки за поврзување; — контролни јажиња; — електростатски патеки за празнење.	3
10L.5 Изработка или прилагодување (без мрежа) — видови решетки и други јажиња; — големина и агли на отвори на мрежа; — прстен на мрежи; — методи за правење јазли; — електростатски патеки за празнење.	3
10L.6 Обрачот во функција на носач	3
10L.7 Корпа (вклучително и алтернативни уреди) — видови корпи (вклучително и алтернативни уреди) — јажиња со јамка и клинови; — систем за баласт (врекѝ и ленти); — електростатски патеки за празнење.	3
10L.8 Потезно јаже за отворање на купола и јажиња за вентили	3
10L.9 Јаже за врзување и јаже за успорување/влечење	3
10L.10 Помали поправки со големи движења — спојување/врзување; — вплетување на јаже од коноп.	3
10L.11 Опрема Инструменти (единечни или комбинирани).	3
10L.12 Кабел за прицврстување (само за балони на гас со задржување (TBG)) — типови кабли; — прифатливо оштетување на кабелот; — стегач за кабел; — држачи за кабел.	3
10L.13 Вител (само за TBG)	3

— типови на вител; — механички систем; — електричен систем; — систем за итни случаи; — врска на вителот со земја / оптоварување на вителот со баласт.	
10L.14 Постапки за физичка инспекција — чистење, употреба на осветлување и огледала; — инструменти за мерење; — мерење на одложување на контролите (само за воздушни бродови); — (вртежен момент)на завртки и навртки; — носење на лежишта (само за воздушни бродови); — опрема за инспекција; — калибрација на мерни инструменти; — испитување (на) со затегнување на ткаенината.	2
МОДУЛ 11L - ВОЗДУШНИ БРОДОВИ НА ВОЗДУХ/ГАС	
	Ниво
11L.1 Основни начела и склопување на мали воздушни бродови — куполи, балонети; — вентили, отвори; — гондола; — погон; — материјали за куполите; — прирачници за лет на воздухоплов (AFM), Упатства за одржување на воздухопловите (AMM); — подесување и припрема за полетување.	3
11L.2 Практично оспособување — работа со команди; — одржување и работа за сервисирање (според AMM и AFM)	3
11L.3 Купола — ткаенини; — потезен вентил за непосредно отворање на куполата и потезно јаже; — вентили; — систем на ланчаници.	3
11L.4 Гондола (вклучувајќи алтернативни уреди) — видови гондоли (вклучувајќи алтернативни уреди); — видови конструкции за воздухоплов и материјали; — откривање на оштетување.	3
11L.5 Електричен систем — основи на струјните кола; — извори на напојување (акумулатори, тела, вентилација, корозија); — олово, никел-кадмиум (NiCd) или други акумулатори, суви батерии; — генератори; — жици, електрични приклучоци;	3

— осигурувачи; — надворешно напојување; — енергетски баланс.	
11L.6 Погон — систем за снабдување со гориво: резервоари, линии, филтри, отвори, канализации, полнење, вентил за проверка, пумпи, индикации, проверка, спојување; — погонски инструменти — основи на мерење и инструменти; — мерење на вртежи; — мерење притисок; — мерење на температура; — мерење на нивото на гориво / енергија.	3
11L.7 Опрема — противпожарен апарат, ќебе за заштита од оган; — инструменти (единечни или комбинирани).	3
МОДУЛ 12L - РАДИО COM/ELT/ТРАНСПОНДЕР/ИНСТРУМЕНТИ	
	Ниво
12L.1 Радио COM/ELT — растојание во каналот; — основно функционално тестирање; — батерии; — барања за тестирање и одржување.	2
12L.2 Транспондер — основна операција; — нормална преносна конфигурација која вклучува Антена; — објаснувања за режимите (Modes) A, C, S; — барања за тестирање и одржување.	2
12L.3 Инструменти — рачни висинометри; — батерии; — основен тест за функционалност.	2

Додаток VIII

Стандарди за основно испитување за дозвола за одржување на воздухоплов од категорија L

а) Основата за стандардизирањето на испитите во однос на условите за основно познавање од Анекс VII се следниве:

(i) сите испити мора да се спроведат со употреба на формулар за прашања со повеќе избори, како што е утврдено во точката (ii). Понудените неточните одговори мора на некој што нема познавање со тематиката да му изгледаат еднакво убедливо. Сите понудени одговори треба јасно да се однесуваат на прашањето и да имаат сличен вокабулар, граматичка конструкција и должина. Во прашања вклучуваат бројки, неточните одговори треба да одговараат на грешки во постапката, како што се корекции кои што се

применуваат на погрешен начин или неправилно префрлање на мерни единици: не треба да има случајни броеви;

(ii) секое прашање со повеќекратни избори мора да има три понудени одговори, од кои само еден мора да биде точен одговор и на кандидатот да му е дозволено време по модул кој се базира на просек од 75 секунди по прашање;

(iii) секој модул се полага со 75%;

(iv) бодување на пенали (негативни поени за погрешни одговори) не се применува;

(v) нивото на знаење кое се бара во прашањата мора да биде пропорционално со технолошкото ниво на категоријата воздухоплови.

(б) Бројот на прашањата по модул треба да биде следниов:

(i) модул 1L "Основно познавање": 12 прашања. Дозволено време 15 минути;

(ii) модул 2L "Човечки Фактори": 8 прашања. Дозволено време 10 минути;

(iii) модул 3L "Воздухопловно законодавство": 24 прашања. Дозволено време 30 минути;

(iv) модул 4L "Дрвени/метални цевки и текстил за конструкција на воздухоплов": 32 прашања. Дозволено време 40 минути;

(v) модул 5L "Структури за конструкција на воздухоплов": 32 прашања. Дозволено време 40 минути;

(vi) модул 6L "Метал за конструкција на воздухоплов": 32 прашања. Дозволено време 40 минути;

(vii) модул 7L "Општо за конструкции на воздухоплов": 64 прашања. Дозволено време 80 минути;

(viii) модул 8L "Погонска група": 48 прашања. Дозволено време 60 минути;

(ix) модул 9L "Балон/воздушен брод на топол воздух": 36 прашања. Дозволено време 45 минути;

(x) модул 10L "Балон/Воздушен брод на гас (слободни/врзани)": 40 прашања. Дозволено време 50 минути;

(xi) модул 11L "Воздушни бродови на воздух/гас": 36 прашања. Дозволено време 45 минути;

(xii) модул 12L "Радио Com/ELT/Транспондер/Инструменти": 16 прашања. Дозволено време 20 минути;

———

Анекс IV

Анекс IV се менува како што следи:

(1) во точката 147.А.145, точката (а) се заменува со следното:

(а) Организацијата за обука за одржување може да го врши следново, како што е дозволено од страна на организацијата за обука за одржување и во согласност со нејзиниот прирачник:

(i) курсеви за основна обука за наставната програма од Анекс III (Дел-66), или дел од неа;

(ii) курсеви за обука за тип/задача на воздухоплов во согласност со Анекс III (Дел-66);

(iii) испитот за студенти кои го посетувале основниот курс за обука или за тип на воздухоплов во организацијата за обука за одржување;

(iv) испитот за студенти кои не го посетувале курсот за обука за тип на воздухоплов во организацијата за обука за одржување;

(v) испитот за студенти кои не го посетувале основниот курс за обука во организацијата за обука за одржување, под услов да:

(1) испитот се извршува на една од локациите кои се дадени во уверението за одобрување, или

(2) доколку испитот се извршува на локација која не е дадена во уверението за одобрување, како што е дозволено во точките (б) и (в), или

— испитот се врши преку Европската централна банка за прашања (ECQB);

— во отсуството на ECQB, надлежните власти ги избираат прашањата за испитот;

(vi) издавањето на уверенија во согласност со Додаток III по успешното завршување на курсеви за основна обука или за обука за тип на воздухоплов и испити, наведени во точки (а)(i), (а)(ii), (а)(iii), (а)(iv) и (а)(v), како што е применливо.

(2) Додатоците I и II се заменуваат како што следи:

“Додаток I

Траење на курс за основна обука

Минималното траење на целосен курс за основна обука е следното:

Основен курс	Траење (во часови)	Сооднос со теоретска обука (во %)
A1	800	30 - 35
A2	650	30 - 35
A3	800	30 - 35
A4	800	30 - 35
B1.1	2 400	50 до 60

B1.2	2 000	50 - 60
B1.3	2 400	50 - 60
B1.4	2 400	50 - 60
B2	2 400	50 - 60
B2L	1 5000(*)	50 - 60
B3	1 000	50 - 60

(*) овој број на саати се зголемува како што следи, зависно од дополнително одбраните овластување за систем;

Овластување за систем	Времетраење (во саати)	Размер во теоретско оспособување (во%)
COM/NAV	90	50-60
ИНСТРУМЕНТИ	55	
АВТОМАТСКО ЛЕТАЊЕ	80	
НАДЗОР	40	
СИСТЕМИ ЗА КОНСТРУКЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВ	100	

Додаток II

Одобрение на организација за обука за одржување од Анекс IV (Дел-147) — Образец 11 на EASA

[ЗЕМЈА ЧЛЕНКА (*)]:

Членка на Европската унија (**)

УВЕРЕНИЕ ЗА ОДОБРЕНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ОБУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ИСПИТИ

Референца: [КОД НА ЗЕМЈАТА-ЧЛЕНКА(*)].147.[XXXX]

Во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/208 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЗ) бр. 1321/2014 на Комисијата кои во моментов се во сила и се предмет на условите наведени подолу, [НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН НА ЗЕМЈАТА-ЧЛЕНКА(*)] со ова потврдува дека:

[ИМЕ И АДРЕСА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА]

е организација за обука за одржување во согласност со Оддел А од Анекс IV (Дел-147), кон Регулатива (ЕЗ) бр. 1321/2014 на Комисијата одобрена да ја обезбедува обуката и да ги врши испитите наведени во приложениот план на одобрението и да издава соодветни дозволи за признание на студентите, користејќи ги горенаведените упатувања.

УСЛОВИ:

1. Ова одобрение е ограничено на наведеното во опсегот од работниот дел од одобреното образложение на организацијата за обука за одржување во согласност со Оддел А од Анекс IV (Дел-147); и
2. ова одобрение бара усогласување со постапките наведени во образложението на одобрената организација за обука за одржување; и
3. ова одобрение е валидно се додека одобрената организација за обука за одржување останува во согласност со Анекс IV (Дел-147) кон Регулатива (ЕЗ) бр. 1321/2014;
4. доколку се исполнети горенаведените услови, ова одобрение останува важечко за неограничен период, освен ако одобрението не било претходно вратено, заменето, времено одземено или повлечено.

Датум на првично издавање:

Датум на оваа ревизија:

Бр. на ревизија:

Потпис:

За надлежниот орган: [НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ЗЕМЈАТА-ЧЛЕНКА (*)]

Образец 11 на EASA Издание 5

(*) или EASA ако EASA е надлежниот орган.

(**) Се брише за земјите кои не се земји-членки на ЕУ или на EASA.

ПЛАН ЗА ОДОБРЕНИЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА ОБУКА ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ИСПИТИ

Референца: [КОД НА ЗЕМЈАТА-ЧЛЕНКА(*)].147.[XXXX]

Организација: [ИМЕ И АДРЕСА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА]

КЛАСА	**КАТЕГОРИЈА НА ДОЗВОЛА**	**ОГРАНИЧУВАЊЕ**	
ОСНОВНА (**)	B1 (**)	TB1.1 (**)	АВИОНИ СО ТУРБИНСКИ МОТОРИ (**)
		TB1.2(**)	АВИОНИ СО КЛИПНИ МОТОРИ (**)
		TB1.3(**)	ХЕЛИКОПТЕРИ СО ТУРБИНСКИ МОТОРИ (**)
		TB1.4(**)	ХЕЛИКОПТЕРИ СО КЛИПНИ МОТОРИ (**)
	B2 (**)/(***)	TB2 (**)	ВОЗДУХОПЛОВНА ЕЛЕКТРОНИКА (**)
	B2L(**)	TB2L(**)	ВОЗДУХОПЛОВНА ЕЛЕКТРОНИКА (наведи овластување за систем) (**)
	B3 (**)	TB3 (**)	АВИОНИ СО КЛИПНИ МОТОРИ СО МТОМ ПОД 2 000 кг И ПОМАЛКУ КОИ НЕ СЕ ХЕРМЕТИЧКИ ЗАТВОРЕНИ (**)
	A(**)	TA.1 (**)	АВИОНИ СО ТУРБИНСКИ МОТОРИ (**)
		TA.2 (**)	АВИОНИ СО КЛИПНИ МОТОРИ (**)
		TA.3 (**)	ХЕЛИКОПТЕРИ СО ТУРБИНСКИ МОТОРИ (**)
		TA.4 (**)	ХЕЛИКОПТЕРИ СО КЛИПНИ МОТОРИ (**)
	L (**) (Само испити)	TL(**)	ДА СЕ НАВЕДЕ ПОДКАТЕГОРИЈА ЗА ДОЗВОЛАТА(**)

ТИП/ЗАДАЧА (**)	C(**)	T4 (**)	[НАВЕДЕТЕ ГО ТИПОТ НА ВОЗДУХОПЛОВОТ] (***)
	B1 (**)	T1 (**)	[НАВЕДЕТЕ ГО ТИПОТ НА ВОЗДУХОПЛОВОТ] (***)
	B2 (**)	T2 (**)	[НАВЕДЕТЕ ГО ТИПОТ НА ВОЗДУХОПЛОВОТ] (***)
	A(**)	T3 (**)	[НАВЕДЕТЕ ГО ТИПОТ НА ВОЗДУХОПЛОВОТ] (***)
Овој план на одобрение се ограничува на оние обуки и испити кои се наведени во опсегот на работа во прирачник на одобрената организацијата за обука за одржување. Референца на образложението на организацијата за обука за одржување: Датум на првично издавање: Датум на последната одобрена ревизија: Бр. на ревизија: Потпис: За надлежниот орган: [НАДЛЕЖЕН ОРГАН НА ЗЕМЈАТА-ЧЛЕНКА (*)]			

Образец 11 на EASA Издание 5

(*) или EASA ако EASA е надлежниот орган.

(**) Се брише ако организацијата не е одобрена.

(***) Се внесува соодветното овластување и ограничување.

(****) Одобрението за Основниот B2 курс/испитување го вклучува одобрението за B2L курс/испитување за сите овластувања за системи.`;

(3) Образецот 149 од EASA издание 2 кое се содржи во Додаток III се заменуваа со следниот:

Стр. 1 од 1
УВЕРЕНИЕ ЗА ПРИЗНАВАЊЕ
Референца: [КОД НА ЗЕМЈАТА-ЧЛЕНКА(*)].147.[XXXX].[YYYYY]
Ова уверение за признавање се издава на:
[ИМЕ]
[ДАТУМ и МЕСТО НА РАЃАЊЕ]
Од:
[ИМЕ И АДРЕСА НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА]
Референца: [КОД НА ЗЕМЈАТА-ЧЛЕНКА(*)].147.[XXXX]
организација за обука за одржување одобрена за да обезбеди обука и спроведување на испити во рамките на нејзиниот план за одобрување и во согласност со Анекс IV (Дел-147) од Регулатива (ЕЗ) бр. 1321/2014.
Ова уверение потврдува дека горенаведеното лице успешно го положило теоретскиот (**) и/или основниот испит (**) од одобрениот курс за обука за тип опишани подолу и соодветните испити во согласност со Регулатива (ЕЗ) бр. 216/2008 на Европскиот парламент и на Советот и Регулатива (ЕЗ) бр. 1321/2014 додека биле во сила.
[КУРС ЗА ОБУКА ЗА ТИП НА ВОЗДУХОПЛОВ (**)] [ДАТУМИ НА ПОЧЕТОК и КРАЈ] [ПОСЕБНИ ТЕОРЕТСКИ ЕЛЕМЕНТИ И/ИЛИ ПРАКТИЧНИ ЕЛЕМЕНТИ] или [ИСПИТ ЗА ТИП НА ВОЗДУХОПЛОВ(**)] [ДАТУМ НА ЗАВРШЕТОК]
Датум: Потпис: За: [ИМЕ НА КОМПАНИЈА]

Образец 149 на EASA Издание 3___

_____

(*) или EASA ако EASA е надлежниот орган.

(**) да се избрише по потреба.

Анекс V

Анекс Va се менува како што следи:

(1) Во содржината, се додава следнава точка Т.А.501 по воведот "Поддел Е Организација за одржување":

"Т.А.501 **Организација за одржување**„

(2) Во точката Т.А.201, точката 3 се заменува како што следи:

„(3) Организацијата за управување со постојаната пловидбеност наведена во точка(2) обезбедува дека одржувањето и пуштањето во употреба на воздухопловот се спроведуваат од страна на организација за одржување која ги исполнува условите од Поддел Е од овој Анекс (Дел – Т). За таа цел, кога организацијата за управување со постојаната пловидбеност не ги исполнува тие условите сама по себе, таа склучува договор со организација која ги исполнува тие услови. ";

(3) Кон одредбите од Поддел Е Организација за одржување се додава следниот наслов:

"Т.А.501 **Организација за одржување**„;

(4) Точката Т.А.716 се заменува како што следи:

„Т.А.716 **Наоди**

По приемот на известувањето за наодите во согласност со Т.Б.705, организација за управување со постојана пловидбеност дефинира план на корективни мерки и ги покажува корективните мерки, што е задоволително за надлежниот орган во рок договорен со тој орган."

_____